РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 29.05.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 2559/1 | | |


# ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2024 ГОДИНА

## *Изборното медиумско претставување*
## *- од 18 до 22 април и од 25 април до 6 мај -*

## *Општи методолошки напомени*

Изборната кампања за Парламентарните избори 2024 година траеше од 18 април до 6 мај, и во овој период Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) го реализираше мониторингот на изборното медиумско претставување, со тоа што на 23 и на 24 април, поради изборниот молк за првиот круг од Претседателските избори, медиумите не известуваа за кампањските активности кои течеа на терен, туку само емитуваа платено политичко рекламирање. Затоа овие два дена не влегуваат во анализите за балансот во известувањето. Овие два дена, како и на 7 и на 8 мај, беше спроведен мониторинг на почитувањето на изборниот молк.

Мониторингот на изборното медиумско претставување за Парламентарниот изборен процес, АВМУ го спроведуваше согласно **Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси и Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024 – Пречистен текст од 26.04.2024**[1]. За потребите на извештајов, ги посочуваме најважните насоки од тие два оперативни документа.

**<u>Примерокот за мониторингот</u>** врз изборното медиумско претставување во 2024 година се состоеше од три програмски сервиса на ЈРС Македонска радио-телевизија: МРТ1, МРТ2 и Собранискиот канал, и од програмските сервиси на десет комерцијални национални телевизии: ТВ Алсат-М; ТВ Алфа; ТВ Канал 5; ТВ Сител; ТВ Телма; ТВ 21-М; ТВ Клан Мацедониа; ТВ Шења; ТВ 24 Вести и ТВ Сонце. За другите програмски сервиси, кои на некој начин го покриваа изборниот процес, се постапуваше врз основа на претставки. Мониторингот ги опфаќа програмските сервиси на оние телевизии што го исполнуваат критериумот за дневен досег повисок од 1 отсто - потврден според истражувањето направено од „Маркет Вижн“, за периодот април-јуни 2023 година[2].

**<u>Предмет на надзорот</u>** беше севкупното програмско денонокие, од кое се анализираа облиците на изборно медиумско претставување. Од дневноинформативните изданија (ТВ дневници/вести) за анализа беше издвоено – централното издание, како најрелевантно според опфатот и уредувачката организација на новинарските прилози за изборниот процес, а од вкупниот обем емитувани интервјуа и дебати беа селектирани само тие чија основна содржина беа Претседателските и/или Парламентарните избори.

**<u>Принципот на *пропорционалност*</u>** согласно бројот на потврдени кандидатски листи во шестте изборни единици е пропишани во членот 75-а од Изборниот законик (ИЗ) како основ за постигнување баланс во известувањето за Парламентарните избори. При извлекувањето на оценките за балансот во известувањето, мониторингот на АВМУ споредбено го зема предвид и – интензитетот/капацитетот на кампањата на учесниците во изборниот процес.

*Забелешка: Поради фактот што паралелно се спроведуваа два изборни процеси -за претседател и за нов состав на Собранието, за кои важат два различни принципи за утврдување на балансот (еднаквост за Претседателските и пропорционалност за Парламентарните) во табеларните прикази на распределбата на времето во дневноинформативните емисии кај*

---

[1] Овие два документи се достапни во посебниот банер насловен „Избори 2024 година“ од официјалната интернет-страница: www.avmu.mk

[2] Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на ТВ станиците, за периодот април – јуни 2023 година, достапно на: https://shorturl.at/doW16

*приватните телевизии, во темата Избори 2024 е избришано времето во кое се известуваше за претседателските кандидати, за поголема прегледност. Сепак, за да не се изгуби целовитоста на приказот, задржани се податоците за времето одвоено за Избори 2024, како и за вкупното анализирано време во вестите.*

**Изборното медиумско претставување преку програмските сервиси од Македонската радиотелевизија** е уредено со посебни услови од членот 76-а во Изборниот законик, според кои се бара времетраењето на централното издание на ТВ Дневникот да биде процентуално поделено на следниов начин: *- 30 отсто прилози (време во вестите) за активностите на политичките партии од власта; - 30 отсто прилози за активностите на политичките партии од парламентарната опозиција; – 10 отсто прилози за активностите на политичките партии без претставник во Собранието и – 30 отсто прилози за настани од државата и од светот*. На овие услови е адаптирана и Методологијата за мониторингот на АВМУ. Агенцијата, и во претходните изборни циклуси експлицитно посочи дека така наметнатата законска принуда е повеќекратно ограничување на новинарската слобода – и при редакцискиот избор релевантни општествено-политички теми и при изборот сообразен новинарски жанр за нивно обмислување – така што, на пример, редакцијата на ТВ Дневникот е уредувачки принудена исклучиво да регистрира, без можност да анализира одредено општествено-политичко случување, ситуација и/или состојба. Истовремено, законската обврска дека во рамките на секоја од трите целини од дневноинформативните емисии во кои се известува за изборите (30%+30%+10) времето ќе биде распределено следејќи го принципот на баланс (пропорционалност меѓу учесниците во изборната кампања со ист број листи со кандидати за пратеници) резултираше токму со суштински дисбаланс – како што е објаснето подолу во наодите од мониторингот.

**Известувањето за изборниот процес во формат пристапен за лицата со сетилна попреченост** е пропишано во член 75 ставови 1 и 4 од ИЗ и операционализирано во Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024 (Пречистен текст). Имено, сите телевизии на државно ниво кои објавуваат платено политичко рекламирање имаат обврска да известуваат за изборите на начин што е достапен за лицата со попреченост, користејќи знаковен јазик, титлови, тонски опис или други алатки за обезбедување пристапност, така што задолжително секој ден, во периодот од 16:00 до 24:00 часот, ќе емитуваат најмалку едно издание вести и, еднаш неделно, во истиот временски период, ќе прилагодат најмалку една друга емисија поврзана со изборниот процес.

**Методот на анализа на содржината**, кој примарно го применува АВМУ во својот мониторинг, адаптиран според горепосочените услови пред сè од ИЗ, овозможува:

- *квантификација методолошки селектирани податоци;*
- *анализа на жанровското обликување аудиовизуелен материјал; и*
- *сознанија за почитувањето на етичките принципи во работењето на новинарите: плуралитетот општествено-политички опции/ставови во целината на новинарските прилози и конотативноста на новинарскиот прилог/целина од аспект на човековите права и слободи.*

Всушност, при следењето на почитувањето на правилата и принципите при медиумското известување, опфатени со одредби од ИЗ и од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услови (ЗААВМУ), методот за анализа на содржината овозможува увид и во:

*- начинот на известување во вестите за учесниците во изборниот процес;*
*- начинот на известување во вестите за активностите на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за правни и други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања;*
*- условите за пристап и третманот на учесниците во изборниот процес во посебните информативни емисии (интервјуа/дебати);*
*- почитување на обврската за известување за изборите во формат пристапен за лицата со сетилна попреченост;*
*- почитувањето на правилата за емитување платено политичко рекламирање и бесплатно политичко претставување;*
*- почитувањето на забраната за емитување реклами финансирани од буџетски средства;*
*- евиденција на законски забранети случаи кога уредници, новинари, водители и презентери во радио и телевизиските програми истовремено учествуваат и во предизборни активности на учесниците во изборниот процес;*
*- почитување на правилата за објавување резултати од испитувања на јавното мислење;*
*- почитување на забраната за поттикнување омраза и нетрпеливост – според ЗААВМУ;*
*- почитување на правилата за изборниот молк.*

# *Клучни наоди*

## *Парламентарните избори во:*

### - *ТВ дневникот/вестите*

Во изборната кампања за Парламентарните избори која траеше од 18 април до 6 мај 2024 година, учествуваа 17 субјекти (12 партии и 5 коалиции). Потврдени листи на кандидати за пратеници во сите шест изборни единици имаа 10 учесника во изборите. Потврдени листи на кандидати за пратеници во пет изборни единици имаше 1 учесник во изборите. Четири (4) учесници во изборите беа со потврдени листи на кандидати во четири изборни единици, а по еден од учесниците во изборите беа со потврдени листи на кандидати за пратеници во две, односно во една изборна единица.

| Број на изборни единици | Потврдени учесници во изборна кампања | Изборни единици во кои имаат потврдени листи |
|---|---|---|
| **Во 6 изборни единици** | КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА | 1, 2, 3, 4, 5, и 6 |
| | КОАЛИЦИЈА ХРАБРО ЗА МАКЕДОНИЈА | |
| | ПАРТИЈА МАКЕДОНСКА ЕРА ТРЕТА/МАКЕДОНСКИ НЕЗАВИСНИ ЛИСТИ – СУВЕРЕНИСТИ | |
| | ПАРТИЈА ЛЕВИЦА | |
| | КОАЛИЦИЈА ЕВРОПСКИ ФРОНТ | |
| | КОАЛИЦИЈА ВЛЕН/ВРЕДИ | |
| | КОАЛИЦИЈА „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ ВМРО-ДПМНЕ | |
| | ДВИЖЕЊЕ ЗНАМ - ЗА НАША МАКЕДОНИЈА | |
| | ПАРТИЈА ДЕМОКРАТИ | |
| | ПАРТИЈА РОДИНА МАКЕДОНИЈА | |
| | | |
| **Во 5 изборни единици** | ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА | 1, 2, 3, 4, и 5 |
| | | |
| **Во 4 изборни единици** | Политичка партија АВАЈА | 3, 4, 5 и 6 |
| | ТВОЈА ПАРТИЈА | 1, 2, 3, и 4 |
| | ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА НОВА АЛТЕРНАТИВА СКОПЈЕ | |
| | ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДЕСНА | |
| | | |
| **Во 2 изборни единици** | РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА | 1 и 5 |
| | | |
| **Во 1 изборна единица** | ПАРТИЈА ЕВРОПСКО ГРАЃАНСКО ДВИЖЕЊЕ | 6 |

Очекувањето во оваа смисла беше дека телевизиите што низ различен новинарски ангажман – вести/интервјуа/дебати - се вклучија во известувањето за Парламентарните избори, ќе обезбедат медиумско покривање на изборната кампања на сите 17 учесника во изборите, така што вкупното време од емисиите во својот програмски сервис отстапени за теми поврзани со 17-те дена од изборниот процес - од 18 до 22 април и од 25 април до 6 мај[3] - барем приближно ќе го распределат за 17-те субјекти според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници во шесте изборни единици, секако имајќи го предвид и интензитетот на нивните кампањи.

[3] На 23 и на 24 април 2024 година беше изборниот молк за Претседателските избори, поради што прекина известувањето и за учесниците во изборната кампања за Парламентарните избори, и овие 2 дена не се вклучени во примерокот за мониторинг на начинот на известување.

Ниту една од информативните редакции не успеа целосно да ја исполни обврската за избалансирано покривање на изборниот процес врз основа на принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници, пропишана во членот 75-а став 1 точка б од Изборниот законик (ИЗ). Единствено ТВ Алсат-М информираше за активностите на сите 17 учесници во изборниот процес.

Фокусот во известувањето на другите телевизии беше главно на четирите поголеми коалиции од власта и од опозицијата: Коалицијата за Европска иднина, Коалицијата „Европски фронт“, Коалицијата „Твоја Македонија“ – ВМРО ДПМНЕ, и Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ. Немаше големи разлики во времето што им беше отстапено, со исклучок на ТВ Клан Мацедониа која издвои двојно повеќе време за „Европски фронт“ во однос на другите три коалиции.

Програмските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис ги почитуваа законските обврски од член 76-а од ИЗ и токму поради тоа не успеаја да обезбедат суштински баланс во известувањето.

Во така, законски и продукциски, условени медиумски рамки, се заборавaше на примарната професионална редакциска/новинарска потреба и обврска – критички, помогнато од релевантна, компетентна стручна анализа, да се преиспита валидноста на аспекти (економски/социјални/образовни...) во изборните понуди. Наместо тоа, известувањето во ТВ дневниците/вестите за секојдневните случувања во изборниот процес, кај сите информативни редакции беше речиси - идентично: регистраторска презентација на партиските понуди, најчесто одвоена во посебна информативна рубрика – збирка поенти извлечени од обраќањата на кандидатите за пратеници.

Основната причина за непостигањето на законски условеното пропорционално медиумско известување беше – продукциска: недостигот од примарен новинарски кадар, односно комплементарна, ажурна, соодветно позиционирана и технички стандардизирана дописничка мрежа што би можела навремено да ја следи зацртаната траекторија од промоцискиот план за изборните карвани. За таквата фактичка состојба одредени редакции ја известија АВМУ уште пред почетокот на кампањата од долгорочниот, двоен изборен процес. Со цел, сепак, да обезбедат што повеќе информации, тие останаа отворени за обратна, условно речено - пасивна комуникациска релација – или секој учесник во изборниот процес да им доставува свој промоциски материјал или редакциите слободно да го преземаат од нивните официјални профили на социјалните мрежи.

- ***<u>Интервјуата/дебатите</u>***

Вкупно седум медиуми од примерокот за мониторинг емитуваа интервјуа со учесниците во изборната кампања за Парламентарните избори. Кај ТВ Алсат-М и кај ТВ Сител интервјуата беа емитувани во рамки на вестите, а кај останатите медиуми како посебни информативни емисии. ТВ Алфа емитуваше најмногу посебни информативни емисии поврзани со изборите (вкупно 14), но само во 2 од нив учествуваа учесници во изборната кампања. Најголем простор за учесниците во изборите одвоија: ТВ 24 Вести (од вкупно 9 интервјуа во 7 учествуваа учесници во кампањата); ТВ Алсат-М емитуваше 7 интервјуа со учесници во кампањата; ТВ Сител (од вкупно 8 интервјуа во 6 учествуваа учесници во кампањата); и ТВ 21-М емитуваше 5 интервјуа со учесници во кампањата.

Освен ТВ Сонце и ТВ Шења, сите други анализирани телевизии емитуваа дебатни емисии на изборни теми. Дебати со учесници во изборната кампања емитуваа 7 телевизии, притоа најмногу дебати со учесниците организираа: ТВ 24 Вести (8 дебати од вкупно 12); ТВ Клан Мацедониа (7 дебати од вкупно 12); ТВ 21-М (7 дебати од вкупно 9); и ТВ Канал 5 (7 дебати од вкупно 8).

Принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници, не беше целосно почитуван како критериум за избор на соговорниците ниту во посебните информативни емисии (интервјуа/дебати).

- ***Пристапноста на содржините за лицата со сетилна попреченост***

Обврската според членот 75 став 1, односно 76-а став 4 кај ЈРС, а во врска со членот 75 став 4 алинеја 1 од ИЗ - во периодот на изборниот процес - од 18 април до 6 мај 2024 година - секојдневно едно издание на централните ТВ дневници и неделно едно издание на актуелноинформативна емисија – со титлување или со превод на знаковен јазик да бидат достапни за лицата со сетилна попреченост, ја исполнија сите медиуми опфатени со анализата на мониторингот. ТВ Клан Македониа, само делумно одговори на оваа законска обврска, односно ги прилагоди само изданијата на ТВ дневникот од 29 април до 6 мај.

Добар пример за обезбедување квалитет на пристапноста е реализацијата на ТВ 24 Вести каде полето со толкувачот е со големина што овозможува јасна видливост на гестовниот говор, што не е случај кај другите телевизии. Исто така, при титлувањето, треба да се користи покрупен фонт, контрастен во однос на површината каде што се емитува, а испишаното да биде постојано видливо - да не се меша/преклопува со другата графика на екранот (кајрон, лого, импресум и сл.).

- ***Бесплатно политичко претставување***

За разлика од големиот интерес кој го покажаа за платено политичко рекламирање (ППР), што е евидентно од Извештајот за ППР на радиодифузерите од изборната кампања за Парламентарните избори[4], учесниците во изборниот процес речиси и да не ја користеа можноста за бесплатно политичко претставување на сервисите на ЈРС.

[4] Извештајот е достапен на: https://shorturl.at/W7xOM.

# ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС

## Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1)

***Дневноинформативни емисии***

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник 2,* од 19:30 часот;
**Број на анализирани изданија**: 17 изданија (од 18 до 22 април и од 25 април до 6 мај);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 8 часа 34 минути и 54 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

***Начин на известување***

Во текот на кампањата за Парламентарните избори, МРТ1 - Првиот програмски сервис на Македонската радиотелевизија, во анализираните 17 изданија на централните вести - Дневник 2, соодветно одговори на наметнатите барања од ИЗ што е обврзан да ги спроведува во текот на изборната кампања во поглед на структурата во дневноинформативните емисии, односно: 30% од времето да емитува информации за дневните настани од државата и од светот; 30% да одвои за активностите на политичките партии на власт; 30% од времето да информира за активностите на опозициските партии, а во преостанатите 10% - за активностите на партиите што не се претставени во Собранието. На тој начин го оствари првиот дел од двостепената постапка за исполнување на балансот во дневноинформативните емисии, утврден во членот 76-а став 2 од ИЗ. За активностите од кампањите на политичките партии на власт и за активностите на политичките субјекти што ја сочинуваат опозицијата во Собранието, беа одвоени речиси еднакви времиња. За активностите на партиите на власт, во анализираните централни вести, МРТ1 одвои 2 часа и 30 минути, односно 29.10% од времето на анализираните прилози, а за активностите на партиите во опозиција 2 часа и 36 минути, или 30.27% од вкупното времетраење на анализираните прилози. Имајќи предвид дека кампањата за Парламентарните избори делумно се совпаѓаше со кампањата за двата круга од Претседателските избори (започна на 4 април и траеше до 6 мај), во времето за партиите од власта влегуваат активностите за Парламентарните избори на двете коалиции – Коалиција за Европска иднина и Коалиција „Европски фронт“, предводени од СДСМ и ДУИ, како и активностите на кандидатите за претседател на државата што тие ги поддржуваа: проф. д-р Стево Пендаровски и д-р Бујар Османи. Активностите на двата кандидата се поврзани со крајот од првиот круг за Претседателските избори (од 18 до 22 април), но оние на проф. д-р Стево Пендаровски, со оглед дека учествуваше и во вториот изборен круг, се опфатени сè до крајот на изборниот процес.

Времето за активностите на опозициските партии застапени во Собранието (2 часа и 36 минути) го сочинуваат изборните промоции на четирите политички субјекта коишто учествуваа на Парламентарните избори: Коалицијата „Твоја Македонија“ – ВМРО ДПМНЕ, Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ, Коалицијата Храбро за Македонија и партијата Левица. Во ова време се опфатени и активностите што ги имаа претседателските кандидати што тие ги поддржуваа, во периодот од 18 до 22 април, кога се преклопуваа кампањите од првиот круг на Претседателските избори со почетокот на кампањата за Парламентарните избори. Во времето за активностите на политичките партии во опозиција, влегува и времето за проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова, кандидатката за претседател на државата поддржана од ВМРО ДПМНЕ, која се пласираше во вториот изборен круг.

За активностите од кампањите на политичките партии што не се застапени во Собранието, МРТ1 одвои околу 42 минути или 8.12% од вкупното времетраење на анализираните прилози во централното издание од Дневникот 2. Во овој обем информации влегуваат известувањата за изборните активности на осум политички субјекта, учесници на Парламентарните избори: Движењето ЗНАМ – за Наша Македонија; Работничка партија; Демократи; политичката партија Аваја; Нова Алтернатива Скопје; Македонска ера трета/Македонски независни листи; Родина Македонија и Европско граѓанско движење. Во дел од ова време се опфатени и информациите од изборната кампања на Максим Димитриевски, кандидатот за претседател поддржан од Движењето ЗНАМ, поради делумното совпаѓање на крајот од кампањата за првиот круг од Претседателските избори со почетокот на кампањата за Парламентарните избори.

***Табела 1: Застапеност на темите во вестите – Парламентарни избори 18.04 – 06.05.2024***

| МРТ 1 | | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| Дневни настани од земјата и светот | 02:47:24 | 32.51% |
| Активности за кампањите на политичките партии кои не се во Собранието | 00:41:49 | 8.12% |
| Активности за кампањите на политичките партии на власт | 02:29:49 | 29.10% |
| Активности за кампањите на политичките партии во опозиција | 02:35:52 | 30.27% |
| | **Вкупно = 08:34:54** | **100 %** |

Во делот од анализираните изданија на централните вести, отстапен за активностите на партиите што ја сочинуваат власта, со оглед на тоа дека имаше делумно преклопување на двата изборни процеса, МРТ1 се трудела да одвои еднакво вкупно време за - Коалицијата за Европска иднина, предводена од СДСМ и за кандидатот за претседател што тие го поддржаа, проф. д-р Стево Пендаровски, со вкупното време за изборните активности на - Коалицијата „Европски фронт“, предводена од ДУИ и за претседателскиот кандидат д-р Бујар Османи. За активностите на Коалицијата за Европска иднина и за претседателскиот кандидат Пендаровски, во периодот од 18 април до 6 мај, се одвоени вкупно 1 час и 15 минути. Идентично толку -1 час и 15 минути се одвоени, во истиот период, и за Коалицијата „Европски фронт“ и за кандидатот за претседател Османи, којшто учествуваше на првиот круг од Претседателските избори. Доколку се погледнат издвоено само активностите на двете коалиции за Парламентарните избори, тогаш нешто повеќе време е одвоено за Коалицијата „Европски фронт“ - 1 час и 3 минути, во однос на времето за Коалицијата за Европска иднина - 51 минута, што се должи на одвоеното време за активностите на претседателскиот кандидат Пендаровски во вториот круг од Претседателските избори.

Истиот начин на известување МРТ1 го следеше и во рамките на времето предвидено за изборните активности на политичките партии во опозицијата. Повторно, со оглед на делумното совпаѓање на двата изборни процеса, МРТ1 и тука се трудела да одвои еднакво вкупно време за четирите политички субјекта што учествуваа на Парламентарните избори, вклучително со времето одвоено за изборните ангажмани на кандидатите за претседател на државата што тие ги поддржуваа. Во периодот од 18 април до 6 мај, МРТ1 во Дневникот 2 одвои: 39 минути за Коалицијата „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО ДПМНЕ и за проф. д-р Гордана Сиљановска - Давкова; 39 минути за Левица и за проф. д-р Билјана Ванковска - Цветковска; 38 минути за Коалицијата Храбро за Македонија и за Стевчо Јакимовски; 38 минути за Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ и за д-р Арбен Таравари. И тука, доколку се погледнат издвоено само активностите на четирите политички субјекта, тогаш малку повеќе време е одвоено за активностите на трите субјекта - Левица, Коалиција Храбро за

Македонија и Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ – односно за сите по 33 минути, во однос на времето од 24 инфо-минути за Коалицијата „Твоја Македонија“, предводена од ВМРО ДПМНЕ, што се должи на одвоеното време за активностите на претседателскиот кандидат Сиљановска Давкова во вториот круг од Претседателските избори.

Во делот од времето за активностите на вонпарламентарните партии, МРТ1 известуваше за активностите на 8 политички субјекта, учесници на Парламентарните избори, следејќи ги нивните теренски динамики. Учесниците со ист број потврдени листи на кандидати за пратеници, а коишто имаа проактивни дневни теренски активности, добија нешто поголем информативен простор во споредба со учесниците што имаа помал обем активности, или целата активност им се сведуваше на однапред снимени прес-конференции, со акценти од програмата, дистрибуирани до медиумите.

МРТ1 го почитуваше принципот за избалансирано известување утврден во членот 76-а став 3 од ИЗ. Во рамките на секој од деловите од вестите посебно, МРТ1 пропорционално го распредели времето меѓу субјектите. Но, ако се спореди времето распределено на учесниците со ист број кандидатски листи и приближно ист интензитет на кампањата за кои се известува во различните делови од Дневникот (на пример коалициите Европска иднина, „Твоја Македонија“, „Европски фронт“, ВЛЕН/ВРЕДИ) ќе се види диспропорционалност која произлегува токму од почитувањето на првиот дел од законската обврска – поделбата на времето – и тоа поради фактот што во различните делови од Дневникот имаше различен број субјекти, а приближно исто вкупно време.

Во дневните настани од државата и од светот, преовладуваа известувањата за: активностите на институциите со своја улога во организацијата на двојните избори (*ДИК, МВР*); протестот/штрајкот на младите лекари специјализанти; ситуацијата со заразните болести пертусис и морбили; штрајкот на вработените во културата; поскапувањето на осигурителните полиси при регистрација на возила; предупредувачки штрајк на вработените во ФЗОМ; екстрадицијата на Љупчо Палевски од Турција – осомничен за двојно убиство; значењето и славењето на велигденските празници; одбележување на светскиот Ден на слобода на медиумите.

МРТ1 го почитуваше и правилото од член 76-а став 12 и, известувањето за редовните активности на претставници на извршната и на општинските власти не беше во функција на нечија изборна кампања.

***Табела 2: Застапеност на субјекти во вестите – Парламентарни избори 18.04 – 06.05.2024***

| **МРТ 1** | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | | |
| Стево Пендаровски | 00:24:06 | 16.09 | % |
| Коалиција за Европска иднина | 00:51:10 | 34.15 | % |
| Бујар Османи | 00:10:53 | 7.26 | % |
| Коалиција Европски фронт | 01:03:40 | 42.50 | % |
| **Вкупно за партии на власт:** | **02:29:49** | 100 | % |
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | | |
| Коалиција „Твоја Македонија“ ВМРО-ДПМНЕ | 00:23:41 | 15.19 | % |
| Левица | 00:33:49 | 21.70 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:33:06 | 21.24 | % |
| Коалиција Храбро за Македонија | 00:32:54 | 21.11 | % |
| Гордана Сиљановска-Давкова | 00:16:48 | 10.78 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Арбен Таравари | 00:05:16 | 3.38 | % |
| Билјана Ванковска-Цветковска | 00:05:03 | 3.24 | % |
| Стевчо Јакимовски | 00:05:15 | 3.37 | % |
| **Вкупно за партии во опозиција:** | **02:35:52** | 100 | % |
| **Дневни настани од земјата и светот** | | | |
| ДИК | 00:19:34 | 11.69 | % |
| Влада | 00:12:01 | 7.18 | % |
| Граѓански сектор | 00:18:57 | 11.32 | % |
| Други субјекти | 00:25:40 | 15.33 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:38 | 2.77 | % |
| Граѓани | 00:18:53 | 11.28 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:08:11 | 4.89 | % |
| Вести од светот | 00:40:27 | 24.16 | % |
| Судство | 00:02:52 | 1.71 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:03:30 | 2.09 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:18 | 0.78 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:08:39 | 5.17 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:01:02 | 0.62 | % |
| Собрание | 00:01:09 | 0.69 | % |
| Претседател | 00:00:11 | 0.11 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:11 | 0.11 | % |
| СДСМ | 00:00:11 | 0.11 | % |
| **Вкупно за дневни настани:** | **02:47:24** | **100** | **%** |
| **Активности за кампањите на политичките партии кои не се во Собранието** | | | |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:16:29 | 39.42 | % |
| Нова Алтернатива Скопје | 00:02:49 | 6.74 | % |
| Македонска ера трета/Македонски независни листи | 00:01:24 | 3.35 | % |
| Политичка партија АВАЈА | 00:03:20 | 7.97 | % |
| Работничка партија | 00:06:40 | 15.94 | % |
| ДЕМОКРАТИ | 00:04:31 | 10.80 | % |
| Партија Европско граѓанско движење | 00:00:58 | 2.31 | % |
| Максим Димитриевски | 00:04:34 | 10.92 | % |
| Родина Македонија | 00:01:04 | 2.55 | % |
| **Вкупно за вонпарламентарни партии:** | **00:41:49** | 100 | % |
| **Вкупно анализирано време во вестите =** | **08:34:54** | | |

***<u>Посебни информативни емисии</u>:***

Од 18 април, кога започна кампањата за Парламентарните избори, таа се одвиваше истовремено со кампањата за Претседателските избори, којашто веќе беше во тек (започна на 4 април и траеше до 6 мај), па оттаму и гостувањата во посебните информативни изданија на МРТ1 беа поврзани со двата изборни процеса. Во периодот на кампањата за Парламентарните избори, од 18

април до 6 мај, беше емитувано дебатно соочување на седумте кандидата за претседател на државата, како и интервјуа со тројца од кандидатите за претседател (со другите четворица беа претходно емитувани) и со лидерите на ВМРО ДПМНЕ и на СДСМ.

***Интервјуа***

Вкупно 8 интервјуа беа премиерно емитувани на програмата на МРТ1 во периодот на кампањата за Парламентарните избори, која се одвиваше паралелно со изборните активности за Претседателските избори и тоа, со дел од кандидатите за претседател на државата, потоа со првиот човек на ДИК, како и со лидерите на СДСМ и на ВМРО ДПМНЕ. МРТ1 во вториот круг од Претседателските избори направи напори да реализира дебатно соочување меѓу двајцата кандидата за претседателската функција, но поради изборни обврски и неможноста да се усогласат термините, проф. д-р Стево Пендаровски не учествуваше во дебатата. Поради згуснатата изборна агенда, пак, не прифатил покана и за второ интервју. Од тие причини, во рамки на емисијата „Избори 2024“, на 2 мај, беше емитувано повторно интервју со проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова.

***Табела 3: Интервјуа***
(премиерно емитувани)

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **18.04.** | Максим Димитриевски – кандидат за претседател и лидер на Движењето ЗНАМ – За наша Македонија; | - одѕивот на двојните избори;<br>- приоритети во изборната програма на ЗНАМ;<br>- уставните измени и односите со Бугарија;<br>- справување со криминалот и корупцијата;<br>- очекувања од двојните избори; | **360 Степени** |
| **19.04.** | проф. д-р Александар Даштевски – претседател на ДИК; | - подготвеноста на ДИК за двојните избори;<br>- оценка за изборната кампања;<br>- избирачкиот список и потребата од прочистување;<br>- влијанието на хаосот со документите врз избирачкото право;<br>- доверба во ДИК, професионализација на Комисијата; | **Избори 2024** |
| **19.04.** | Леа Огњаноска – докторантка по право на ЕУ; | - измени на Изборниот законик;<br>- висок праг за независни кандидатски листи;<br>- злоупотреба на Препораките на ОБСЕ/ОДИХР;<br>- демократскиот капацитет на партиите; | **Агенда 35** |
| **22.04.** | проф. д-р Стево Пендаровски – кандидат за претседател поддржан од СДСМ | - изборната програма, рејтингот - личен и на СДСМ;<br>- прозивките од лидерот на ВМРО ДПМНЕ;<br>- изборна програма (ветинг во правосудството, преговорите со ЕУ);<br>- можниот бојкот на вториот изборен круг; | **360 Степени** |
| **22.04.** | проф. д-р Гордана Сиљановска – Давкова кандидатка за претседател поддржана од ВМРО ДПМНЕ; | - став за програмата на ВМРО ДПМНЕ во делот на правосудството;<br>- реформа на Уставот;<br>- реформи на безбедносните агенции;<br>- уставните измени и односите со Бугарија;<br>- можниот бојкот на вториот изборен круг;<br>- очекувања од Претседателските избори; | **360 Степени** |
| **29.04.** | проф. д-р Христијан Мицкоски – претседател на ВМРО ДПМНЕ; | - резултатите од првиот круг Претседателски избори;<br>- постизборно коалицирање и состав на влада;<br>- разговори за поддршка во втор круг од Претседателските избори; | **360 Степени** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - цензусот како услов;<br>- очекувања од двојните избори/број на освоени мандати;<br>- изборна програма (борба со криминал и корупција, реформи во судско/обвинителските совети); | |
| **29.04.** | Димитар Ковачевски – претседател на СДСМ; | - резултатите од првиот круг Претседателски избори;<br>- односите СДСМ/ДУИ и задоцнетата реторика;<br>- одлевањето на гласови кон Движењето ЗНАМ;<br>- внатрепартиските односи во СДСМ – одговорност за резултатите;<br>- очекувања од изборите – разговори за поддршка;<br>- став за предвремените прозивки за постизборно коалицирање за состав на влада; | **360 Степени** |
| **02.05.** | проф. д-р Гордана Сиљановска – Давкова кандидатка за претседателка поддржана од ВМРО ДПМНЕ; | - конфронтација или поддршка од другите опозициски претседателски кандидати и партии;<br>- цензусот за Претседателските избори;<br>- уставните измени;<br>- став за осудените од настаните од 27 април 2017 г.;<br>- идните односи на релација претседател-влада; | **Избори 2024** |

***Дебати***

Единствената дебатна емисија, со сите седуммина кандидата за претседател на државата, Првиот програмски сервис на Македонската радио-телевизија ја реализираше во рамките на емисијата - „Избори 2024 – соочување“. Се дискутираше за главните прашања од нивните изборни програми: внатрешната и надворешната политика, дипломатијата, борбата против корупцијата, економијата и животниот стандард.

Во другите дебатни емисии гостуваа политички аналитичари/универзитетски професори/новинари, а се дискутираше за резултатите од првиот круг на Претседателските избори и нивната импликација врз Парламентарните избори, и тоа врз основа на симулација на можните пратенички мандати, за реториката и за изборните пораки на политичарите и на учесниците во двојните избори, како и за условите околу постизборното коалицирање и составувањето на идната извршна власт.

***<u>Табела 4: Дебати</u>***
<u>(премиерно емитувани)</u>

| **МРТ 1** | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **21.04.** | <u>Претседателски кандидати:</u><br>1. проф. д-р Стево Пендаровски;<br>2. проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова;<br>3. Стевчо Јакимовски;<br>4. д-р Бујар Османи;<br>5. проф. д-р Билјана Ванковска-Цветковска;<br>6. д-р Арбен Таравари;<br>7. Максим Димитриевски; | **Избори 2024 - соочување** |
| **25.04.** | <u>Политички аналитичари</u>:<br>1. Иво Рангеловиќ;<br>2. Александар Илиев; | **Избори 2024** |
| **25.04.** | <u>Политички аналитичари:</u><br>1. проф. д-р Владо Бучковски;<br>2. проф. д-р Александар Спасеновски; | **360 Степени** |

| | | |
|---|---|---|
| **26.04.** | Политички аналитичари/комуниколози:<br>1. проф. д-р Јасна Бачовска-Недиќ;<br>2. Бојан Кордалов; | **Избори 2024** |
| **30.04.** | Политички аналитичари:<br>1. проф. д-р Владимир Божиновски;<br>2. Петар Арсовски;<br>3. Љубиша Николовски;<br>4. Дарко Јаневски. | **Објектив** |

### ***Други информативни емисии***

Во две магазински изданија од актуелноинформативната емисија 360 Степени беа емитувани три стории/прилога поврзани со Парламентарните избори: симулација на пратенички мандати во Собранието врз основа на резултатите од освоените гласови во првиот круг од Претседателските избори; веб-страница изработена од Центарот за управување со промени, за споредба на изборните програми и ветувања на партиите и коалициите; заслугите за браната „Конско“ присвоени и од власта и од опозицијата. Во едно од изданијата на утринската програма Македонија наутро, емитуван беше прилог за тоа, дали и колку пораките на политичарите допираат до младите гласачи.

### ***Бесплатно политичко претставување***

Можноста за бесплатно политичко претставување (БПП) изборни платформи, на програмата на МРТ1 ја искористија 16 претставника од пет политички субјекта, учесници на Парламентарните избори: партиите - Десна, Родина Македонија и Единствена Македонија, и коалициите Храбро за Македонија и Европска иднина.

Од партијата Десна, БПП искористија: носителите на листи со кандидати за пратеници во ИЕ 1, 3 и 4 - Тони Алексовски, Зорица Цветковска, Ѓошо Бојаџиев и кандидатот за пратеник Зоран Петковски; - од партијата Родина Македонија се претставија носителите на листи во ИЕ 1, 3, 4 и 5 - Томче Ширков, Александар Стефаноски, Илија Јанковски и Маријан Гацевски; од партијата Единствена Македонија носителите на листи во ИЕ 1, 2 и 4 - Емилија Гелева, Томе Димишковски и Јанко Бачев; - од Коалицијата Храбро за Македонија - Љупчо Ристовски, носителот на листата во ИЕ 2, Јордан Николов, носителот во ИЕ 3, како и кандидатите за пратеници Веле Коцев и Бети Ѓорѓиеска. Повикот за ББП го искористи и Илија Николовски од Партијата на пензионерите, кандидат за пратеник од Коалицијата за Европска иднина.

Со превод на знаковен јазик, наведените триминутни БПП беа прилагодени за лицата со оштетен слух.

### ***Информирање за лицата со сетилна попреченост***

МРТ1 ги исполни обврските од членот 75 ставови 1 и 4 и од членот 76-а став 4 од ИЗ, односно - на знаковен јазик за лицата со оштетен слух, ги адаптираше: изданијата на дневноинформативната емисија Дневник 1, емитувана од 17 часот и четири изданија на дебатната емисија Избори 2024 (интервјуто со претседателот на ДИК Александар Даштевски; соочувањето на седумминатa претседателски кандидата; дебатата меѓу комуниколозите проф. д-р Јасна Бачовска-Недиќ и Бојан Кордалов, како и интервјуто со кандидатката за претседател на државата - проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, емитувано на 2 мај).

## Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2)

***<u>Дневноинформативни емисии</u>***

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник* од 18:30 часот;
**Број на анализирани изданија**: 17 изданија (од 18 до 22 април и од 25 април до 6 мај);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 8 часа 26 минути и 54 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

***<u>Начин на известување</u>***

МРТ2 - Вториот програмски сервис на Македонската радио-телевизија, во вестите прво се потруди да одговори на одредбата од членот 76-а став 2 од ИЗ, односно - во текот на изборната кампања: - 30% од времето да емитува информации за дневните настани од земјата и светот; - 30% да одвои за активностите на политичките партии на власт; - 30% од времето да информира за активностите на политичките партии од собраниската опозиција, а во преостанатите - 10% за изборните активности на политичките партии што немаат претставник во Собранието и за независните кандидати.

Во 30% отстапени за политичките партии од власта се вброени прилозите за кампањата на четири субјекта што учествуваа на Парламентарните и на Претседателските избори: - Коалицијата „Европски фронт“, предводена од ДУИ; Коалицијата  за Европска иднина, предводена од СДСМ; и на двајцата претседателски кандидата поддржани од овие партии: д-р Бујар Османи и проф. д-р Стево Пендаровски.

Во 30% за политичките партии од опозицијата се вброени прилозите за кампањата на четири учесника на Парламентарните избори: Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ; Коалицијата „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО ДПМНЕ; партијата Левица; Коалицијата Храбро за Македонија предводена од ГРОМ, како и за четворицата кандидата за претседателската функција поддржани од овие субјекти: д-р Арбен Таравари; проф. д-р Гордана Сиљановска - Давкова; проф. д-р Билјана Ванковска-Цветковска и Стевчо Јакимовски.

Во 10% прилози за активностите на политичките партии што не се претставени во Собранието, вброена е информативната минутажа за кампањата на осум учесника на Парламентарните избори (политичката партија Аваја; Движењето ЗНАМ - За наша Македонија; партијата Демократи; Македонска ера трета/Македонски независни листи; Нова алтернатива – Скопје; Европското граѓанско движење; Работничката партија и Родина Македонија) и на кандидатот за претседател Максим Димитриевски.

***Табела 5: Застапеност на темите во вестите – Парламентарни избори 18.04 – 06.05.2024***

| МРТ2 | | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| Дневни настани од земјата и светот | 02:53:44 | 34.27% |
| Активности за кампањите на политичките партии што не се во Собранието | 00:22:48 | 4.50% |
| Активности за кампањите на политичките партии на власт | 02:36:59 | 30.97% |
| Активности за кампањите на политичките партии во опозиција | 02:33:23 | 30.26% |
| | **Вкупно = 08:26:54** | **100 %** |

Подробно читани, новинарски обработените содржини за периодот на Претседателските и на Парламентарните избори, распоредени во четирите дела од условениот процентуален распоред ја даваат следнава слика:

*Табела 6: Застапеност на субјекти во вестите – Парламентарни избори 18.04 – 06.05.2024*

| МРТ2 | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | | |
| Стево Пендаровски | 00:31:35 | 20.12 | % |
| Коалиција за Европска иднина | 00:47:30 | 30.26 | % |
| Бујар Османи | 00:11:54 | 7.58 | % |
| Коалиција Европски фронт | 01:06:00 | 42.04 | % |
| **Вкупно за партии на власт:** | **02:36:59** | 100 | % |
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | | |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:33:11 | 21.63 | % |
| Коалиција „Твоја Македонија“ ВМРО-ДПМНЕ | 00:25:07 | 16.38 | % |
| Гордана Сиљановска-Давкова | 00:13:33 | 8.83 | % |
| Левица | 00:32:54 | 21.45 | % |
| Коалиција Храбро за Македонија | 00:31:56 | 20.82 | % |
| Арбен Таравари | 00:06:01 | 3.92 | % |
| Билјана Ванковска-Цветковска | 00:04:55 | 3.21 | % |
| Стевчо Јакимовски | 00:05:46 | 3.76 | % |
| **Вкупно за партии во опозиција:** | **02:33:23** | 100 | % |
| **Дневни настани од земјата и светот** | | | |
| Граѓански сектор | 00:17:29 | 10.06 | % |
| Други субјекти | 00:25:54 | 14.91 | % |
| Вести од светот | 00:52:04 | 29.97 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:10:46 | 6.20 | % |
| ДИК | 00:31:06 | 17.90 | % |
| Влада | 00:15:15 | 8.78 | % |
| Граѓани | 00:01:55 | 1.10 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:09:59 | 5.75 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:54 | 1.09 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:33 | 2.62 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:00 | 0.58 | % |
| Судство | 00:01:01 | 0.59 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:00:48 | 0.46 | % |
| **Вкупно за дневни настани:** | **02:53:44** | **100** | **%** |
| **Активности за кампањите на политичките партии кои не се во Собранието** | | | |
| Политичка партија АВАЈА | 00:01:47 | 7.82 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:07:14 | 31.73 | % |
| ДЕМОКРАТИ | 00:02:53 | 12.65 | % |
| Македонска ера трета/Македонски независни листи | 00:00:45 | 3.29 | % |
| Нова Алтернатива Скопје | 00:01:09 | 5.04 | % |
| Партија Европско граѓанско движење | 00:04:13 | 18.49 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Работничка партија | 00:02:14 | 9.80 | % |
| Максим Димитриевски | 00:02:15 | 9.87 | % |
| Родина Македонија | 00:00:18 | 1.32 | % |
| **Вкупно за вонпарламентарни партии:** | **00:22:48** | 100 | % |
| **Вкупно анализирано време во вестите = 08:26:54** | | | |

МРТ2 го почитуваше принципот за избалансирано известување утврден во членот 76-а став 3 од ИЗ, и во рамките на секој од деловите од вестите посебно, пропорционално го распредели времето меѓу субјектите. Но, и овде, како и кај МРТ1, ако се спореди времето распределено на учесниците со ист број кандидатски листи и приближно ист интензитет на кампањата за кои се известува во различните делови од Дневникот, ќе се види диспропорционалност која произлегува токму од почитувањето на првиот дел од законската обврска – поделбата на времето – и тоа поради фактот што во различните делови од Дневникот имаше различен број субјекти, а приближно исто вкупно време.

Така за активностите на двете коалиции предводени од ДУИ и од СДСМ, односно за партиите на власта, вкупно/заедно беа одвоени - 1 час 53 минути и 30 секунди, односно, поединечно - за Коалицијата за Европска иднина (СДСМ) - 47 минути и 30 секунди, а за Коалицијата „Европски фронт“ (ДУИ) - 1 час и 6 минути. Додека, за изборните активности од кампањите на политичките партии во собраниската опозиција, односно за четири субјекта, беа одвоени вкупно 2 часа 3 минути и 8 секунди, и тоа: Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ доби - 33 минути и 11 секунди; Коалиција „Твоја Македонија“ (ВМРО ДПМНЕ) - 25 минути и 7 секунди; партијата Левица - 32 минути и 54 секунди, а Коалицијата Храбро за Македонија (ГРОМ) - 31 минута и 56 секунди. Известувањето за активностите на политичките партии што не се застапени во Собранието беше опфатено со информативно време од - 22 минути и 48 секунди.

Од другите теми поврзани со двата изборни процеса, најмногу беше известувано за: организациските изборни обврски на ДИК (акредитирањето на набљудувачите; објавувањето на резултатите по првиот круг за Претседателските избори; анализирање партиски/коалициски приговори за изборниот процес; регистрирање немоќни лица во системот за гласање; дистрибуција на изборниот материјал), потоа за активностите на ДКСК, на Јавното обвинителство и на МВР, за набљудувачко-едукативниот изборен ангажман на НВО Цивил, за првичните оценки на набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР, но и за протестниот марш на граѓанската организација Ромите за демократија, против корупцијата и насилството пред изборите.

Во третината за дневните настани од државата и од светот, МРТ2 често известуваше за актуелноста на тековни и за најавени синдикални протести во секторите - култура, здравство и водостопанство, потоа за билтенот со здравствени статистики за состојбата со големата кашлица, за протоколарни активности на структури од извршната власт, за постојни судски процеси, но не ги изостави ни актуелностите околу екстрадициската процедура меѓу Турција и Македонија поврзана со Љупчо Палевски, лидерот на партијата Десна осомничен за двојно убиство, како и извештајот на меѓународната организација Репортери без граници за глобалниот индекс на медиумските слободи.

И кај МРТ2, податоците од мониторингот покажуваат дека обврските од член 76-а ставови 2 и 3 не овозможуваат суштинско избалансирано покривање на изборниот процес.

## ***Посебни информативни емисии***

### ***Дебати***

Во анализираниот период, од 18 април до 6 мај, МРТ2 емитуваше 3 дебати: - една преземена од МРТ1 и две самостојно реализирани во актуелно-информативната емисија ЗООМ.

Дебатните теми беа: резултатите од првиот круг за Претседателските избори; надворешната политика на Македонија; изборната платформа на коалициите и на партиите учесници во процесот за избор нов македонски парламент; процесот и критериумите за членство во ЕУ*;* состојбата во судството*;* - регионална соработка/стабилност/безбедност на Западниот Балкан; - аналитички претпоставки за составот на новата извршна власт; - односот на гласачот Албанец - бојкот или масовен одзив за вториот круг Претседателски избори.

***Табела 7: Дебати***
(премиерно емитувани)

| МРТ2 | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **21.04.** | **Претседателски кандидати:**<br>1. проф. д-р Стево Пендаровски;<br>2. проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова;<br>3. Стевчо Јакимовски;<br>4. д-р Бујар Османи;<br>5. проф. д-р Билјана Ванковска-Цветковска;<br>6. д-р Арбен Таравари;<br>7. Максим Димитриевски; | **Избори 2024 – соочување (*преземено од МРТ1*)** |
| **30.04.** | 1. Рина Ајдари/Коалиција „Европски фронт“ (кандидатка за пратеничка во ИЕ 6);<br>2. Арбен Фетаи/Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ (шеф на кабинетот на д-р Арбен Таравари);<br>3. Сергеј Попов/УМС на ВМРО ДПМНЕ/Коалиција „Твоја Македонија“;<br><br>***Белешка:* на дебатата бил поканет, но не дошол претставникот на СДСМ/Коалиција за Европска иднина;** | **ЗООМ** |
| **03.05.** | **Политички аналитичари**:<br>1.Сефер Селими - директор на „Демократска лабораторија“;<br>2. Ибрахим Мемети;<br>3. Абедин Исмаили. | **ЗООМ** |

### ***Бесплатно политичко претставување***

Никој од кандидатите за избор на идни пратеници не пројави интерес, односно не ја искористи можноста за бесплатно презентирање на својата програма преку МРТ2.

### ***Информирање за лицата со сетилна попреченост***

МРТ2 ги исполни обврските од членот 75 ставови 1 и 4 од ИЗ и 76-а став 4 – со титлување на изданија од вестите за изборните активности, емитувани од 19 часот по централниот ТВ Дневник, како и на репризираните изданија од емисијата ЗООМ, поврзани со изборниот процес, меѓу кои и споменатата дебата со сите кандидати за претседател на државата, преземена од МРТ1.

# Собраниски канал

***Бесплатно политичко претставување***

Според членот 76-а став 8 од ИЗ, програмскиот сервис наменет за активностите на Собранието има обврска за време на изборната кампања да обезбеди бесплатно политичко претставување (БПП) на кампањите на политичките партии – по три часа за застапените во Собранието и еден час БПП за кампањите за подносителите на листи незастапени во Собранието.

Од 18 април до 6 мај, т.е. во периодот за изборната кампања за Парламентарните избори, само 5 од официјалните 17 учесника во изборниот процес го искористија ова законско право. Првата објава БПП беше евидентирана на 22 април, а дел од својот рекламен изборен материјал доставија Левица, Аваја и Работничка партија, и коалициите – „Твоја Македонија“, предводена од опозициската ВМРО ДПМНЕ, и Европска иднина, предводена од владејачкиот СДСМ.

# ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ПРИВАТНИ ТЕЛЕВИЗИИ

## ТВ АЛСАТ-М

***Дневноинформативни емисии***

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник,* 19:00 часот;
**Број на анализирани изданија**: 17 изданија (од 18 до 22 април и од 25 април до 6 мај);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 6 часа 55 минути и 28 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

***Начин на известување***

Од 18 април до 6 мај, ангажманот на информативната редакција на ТВ Алсат-М за Парламентарните избори во централното издание на вестите на албански јазик, подразбираше и прилози и интервјуа. Телевизијата успеа да обезбеди информации од кампањите на сите 17 учесници во изборниот процес. Притоа, најмногу информативно време во изданијата на Дневникот од 19 часот привлекоа активностите на опозициската Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ - 23 минути и 29 секунди; потоа на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ - „Твоја Македонија" - 16 минути и 54 секунди; Коалицијата „Европски фронт", предводена од владејачката ДУИ - 15 минути и 19 секунди и Коалицијата за Европска иднина, обединета околу СДСМ - 10 минути и 58 секунди.

Сите други учесници во изборната кампања беа застапени со едноцифрена минутажа од 4 до 9 минути. Дополнително со претставници на четирите најзастапени коалиции во вестите, како и со претставници на Левица, Движењето ЗНАМ и Коалицијата Храбро за Македонија беа реализирани и интервјуа во рамки на вестите.

Уредувачкиот фокус на ова информативно време, беше насочен кон сценаријата за бојкот на вториот круг од Претседателските избори, за пораките и за ветувањата на партиите за Парламентарните избори, каде што беа истакнати: уставните измени, економскиот развој, борбата против политичкиот криминал и корупцијата, намалување на јавната администрација, работничките права, и слично. Дел од информациите пласирани од информативната редакција на ТВ Алсат-М се однесуваа на изјавите на Христијан Мицкоски, лидерот на опозициската ВМРО ДПМНЕ, дека одбива натамошно почитување на практиката - „победник со победник" – за коалицирање со ДУИ, како и на условите на опозициската Коалиција ВЛЕН и на други помали политички субјекти за влез во идната извршна власт. При анализа на сложениот контекст на тековните изборни калкулации, информативната редакција се повика и на експертски мислења и ставови, па така на пример, беше направен и критички осврт за регионалното активно влијание на албанскиот политички фактор (Еди Рама/Албин Курти) врз постојната македонска политичка сцена, а како повод беше искористено – за изборите „темпирано" - прогласувањето на Али Ахмети, лидерот на ДУИ, за почесен граѓанин на Тирана. Во делот на новинарското критикување на владејачкиот мандат на ДУИ, влегоа и двете вести во низа на тема – на(в)оди за корупција во Царинската управа, преземени од портал на друг, електронски медиум, но и одлучно демантирани од прозваниот орган на јавната управа.

Покрај изборите, во анализираниот период, медиумот известуваше за зголемените трошоци за живеење, повисоките цени за осигурителните полиси за регистрација автомобили, за одложените судски процеси против државни функционери, протестот за усогласување на платите на вработените

во ФЗОМ, за спорните одредби од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, за најавите од Синдикатот за образование и наука за промена во образовната политика, и слично.

***Табела 8: Застапеност на субјекти во вестите – Парламентарни избори 18.04 – 06.05.2024***

| ТВ Алсат-М | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Други прилози** | | | |
| Влада | 00:04:52 | 4.88 | % |
| Локална самоуправа | 00:03:36 | 3.61 | % |
| Други субјекти | 00:51:43 | 51.81 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:03:43 | 3.72 | % |
| Јавно обвинителство | 00:04:41 | 4.69 | % |
| Судство | 00:01:01 | 1.02 | % |
| Граѓански сектор | 00:12:08 | 12.16 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:34 | 2.57 | % |
| Граѓани | 00:14:13 | 14.24 | % |
| Здравство | 00:01:18 | 1.30 | % |
| **Вкупно за други прилози:** | **01:39:49** | **100** | **%** |
| **Интервјуа во вести** | | | |
| Левица | 00:10:29 | 8.82 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:10:08 | 8.53 | % |
| Стево Пендаровски | 00:16:02 | 13.49 | % |
| Гордана Сиљановска-Давкова | 00:14:51 | 12.50 | % |
| Коалиција Европски фронт | 00:10:29 | 8.82 | % |
| Арбен Таравари | 00:15:13 | 12.81 | % |
| Коалиција за Европска иднина | 00:10:31 | 8.85 | % |
| Коалиција „Твоја Македонија“ ВМРО-ДПМНЕ | 00:10:26 | 8.78 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:10:14 | 8.61 | % |
| Коалиција Храбро за Македонија | 00:10:27 | 8.79 | % |
| **Вкупно за интервјуа во вести:** | **01:58:50** | **100** | **%** |
| **Избори 2024** | | | |
| Коалиција Храбро за Македонија | 00:03:57 | 2.01 | % |
| Коалиција „Твоја Македонија“ ВМРО-ДПМНЕ | 00:16:54 | 8.59 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:23:29 | 11.93 | % |
| Нова Алтернатива Скопје | 00:05:16 | 2.68 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:09:09 | 4.65 | % |
| Партија Европско граѓанско движење | 00:04:50 | 2.46 | % |
| Политичка партија АВАЈА | 00:04:57 | 2.52 | % |
| Работничка партија | 00:04:15 | 2.16 | % |
| Партија Десна | 00:05:01 | 2.55 | % |
| Коалиција за Европска иднина | 00:10:58 | 5.57 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција Европски фронт | 00:15:19 | 7.78 | % |
| Левица | 00:06:46 | 3.44 | % |
| Граѓани | 00:00:48 | 0.41 | % |
| Единствена Македонија | 00:05:35 | 2.84 | % |
| ДЕМОКРАТИ | 00:05:26 | 2.76 | % |
| Твоја партија | 00:04:31 | 2.29 | % |
| Родина Македонија | 00:05:33 | 2.82 | % |
| Македонска ера трета/Македонски независни листи | 00:04:50 | 2.46 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:24 | 2.24 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:18 | 1.68 | % |
| Судство | 00:00:56 | 0.47 | % |
| ДИК | 00:04:55 | 2.50 | % |
| Влада | 00:02:58 | 1.51 | % |
| Други субјекти | 00:09:32 | 4.84 | % |
| | **Вкупно за Избори 2024: 03:16:49** | 100 | % |

**Вкупно анализирано време во вестите = 06:55:28**

### ***<u>Посебни информативни емисии</u>***

Интервјуата на изборна тематика со претседателските кандидати и други претставници на политички партии, ТВ Алсат-М ги реализираше во склоп на Вестите на албански јазик, додека во емисијата 200 организираше едно интервју и една дебата со аналитичари на јавното мислење за изборниот процес.

### ***Интервјуа***

Главните теми во интервјуата и со кандидатите и со експертите/аналитичарите беа анализите на резултатите од првиот и предвидувањата за вториот круг од Претседателските избори, начинот на управување со државата пред Парламентарните избори и можните коалиции по нив.

***Табела 9: Интервјуа***
<u>(премиерно емитувани)</u>

| | **ТВ Алсат-М** | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **26.04.** | Фатмир Битиќи, коалиција за Европска иднина; | - резултатите од Претседателските избори;<br>- владеењето на ДУИ, може ли тоа да биде причина за незадоволството на гласачите;<br>- промените во кампањата за вториот круг од Претседателските избори и во парламентарната кампања;<br>- како се случи без одобрение на владата да поскапат осигурителните полиси; | **Интервју на Вести** |
| **29.04.** | Даниел Стојчески, Движење ЗНАМ; | - гласовите на ЗНАМ во вториот круг на Претседателските избори;<br>- можна ли е Влада без ДУИ;<br>- ставот на ЗНАМ за уставните измени; | **Интервју на Вести** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - каков резултат очекувате на осми мај; | |
| **30.04.** | Изет Меџити, коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ; | - преговори со ВМРО ДПМНЕ;<br>- што ќе се смени ако бидете во Владата;<br>- информации дека ДУИ можеби ќе иницира нова политичка криза со бојкот на вториот Претседателски круг избори;<br>- уставните измени; | **Интервју на Вести** |
| **30.04.** | проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова, кандидатка за претседател на државата; | - осврт кон резултатите од првиот изборен круг;<br>- очекувања за „албански гласови“ во вториот круг;<br>- гаранции за гласачите Албанци;<br>- можниот бојкот од страна на ДУИ за вториот круг на Претседателските избори;<br>- за т.н. „националистички дискурс“ во нејзината кампања;<br>- условувањата од Бугарија за влез во ЕУ;<br>- борбата против корупција и криминал;<br>- осврт за кампањата на противкандидатот Пендаровски; | **Интервју на Вести** |
| **01.05.** | Добрила Андоновска, коалиција Храбро за Македонија; | - главните точки во изборната програма;<br>- став за уставните измени;<br>- постизборни очекувања;<br>- за кој претседателски кандидат би го дале изборниот глас; | **Интервју на Вести** |
| **02.05.** | проф. д-р Христијан Мицкоски, Коалиција „Твоја Македонија“/ВМРО ДПМНЕ; | - премиерските планови;<br>- обвинувањата за предизборни „вооружувања“ на ДУИ во О. Бутел;<br>- влада без ДУИ - почитување на победникот во т.н. „албански блок“;<br>- контактите со ВЛЕН; | **Интервју на Вести** |
| **02.05.** | проф. д-р Стево Пендаровски, кандидат за претседател; | - осврт за загубата со голема разлика во првиот изборен круг;<br>- очекувањата по 8 мај;<br>- плановите ако добие втор мандат;<br>- опасноста од предизборниот „национализам“;<br>- дали со постојниот изборен систем - Албанец може да стане претседател на државата; | **Интервју на Вести** |
| **03.05** | Фатима Османовска, Коалиција „Европски фронт“; | - визијата како иден пратеник во Собранието;<br>- проблемите на ромската заедница;<br>- спроведување на Рамковниот договор; | **Интервју на Вести** |
| **05.05.** | д-р Неда Малеска - Сачмароска, извршен директор на ЦУП; | - општа оценка за текот на изборната кампања;<br>- колку е важно гласачите да се информирани за програмите на политичките партии; | **Емисија 200** |
| **06.05.** | проф. д-р Димитар Апасиев, Левица; | - предизвиците при формирањето нова влада;<br>- осврт кон резултатите од првиот круг Претседателски избори;<br>- (не)можноста за избор на претседател во Собранието; | **Интервју на Вести** |

## ***Дебати***

Единствената дебата посветена на изборите емитувана во периодот на изборната кампања беше всушност дискусијата на двајца аналитичари за првиот круг од Претседателските избори.

***Табела 10: Дебати***
(премиерно емитувана)

| ТВ Алсат-М | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **28.04.** | Политички аналитичари:<br><br>1. Катерина Синадиновска;<br>2. проф. д-р Сефер Тахири; | - анализа на првиот изборен круг за Претседателските избори; | **Емисија 200** |

### *Информирање за лицата со сетилна попреченост*

Секојдневно со знаковен јазик беа преведувани вестите од 22:30 часот, а еднаш неделно титлувано беше издание на актуелноинформативната емисија 200 – на тој начин ТВ Алсат-М ја исполни обврската од членот 75 ставови 1 и 4 од ИЗ, да обезбеди информирање за лицата со сетилна попреченост.

# ТВ АЛФА

### *Дневноинформативни емисии*

### *Примерок*

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник* од 17:30 часот;
**Број на анализирани изданија**: 17 изданија (од 18 до 22 април и од 25 април до 6 мај);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 9 часа 9 минути и 43 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: вест/во низа, извештај, осврт;

### *Начин на известување*

ТВ Алфа неколкупати во официјалниот период од изборната кампања за Парламентарните избори – од 18 април до 6 мај – во својот централен Дневник од 17:30 часот, објави јавен повик за соработка со сите 17 учесника во кампањата, нагласувајќи дека - поради недоволни кадровски и технички капацитети, не е во можност соодветно да го исполни барањето од членот 75-а став 1 точка б од ИЗ, односно – кампањата на сите учесници да ја следи според бројот на потврдени кандидатски листи по изборни единици. Сепак, земено во целина, во вкупното информативно време отстапено за изборната кампања беа застапени 14 изборни понуди за нови народни пратеници, а од нив, двоцифрено време за изборна презентација добија најбројните опозициски и владејачки коалиции: - „Твоја Македонија“, под лидерство на ВМРО ДПМНЕ; - ВЛЕН/ВРЕДИ, обединетата опозиција на неколку партии на Албанците во Македонија; - Европска иднина, предводена од владејачкиот СДСМ и – „Европскиот фронт“ под водство на ДУИ. Покрај новинарските вести/во низа и извештаи од различните облици организиран настап пред гласачите од целата држава (митинзи/средби со граѓани), информативното време за учесниците во изборниот процес се собра и од освртите кон

аспекти од нивниот изборен промо-комуникациски концепт. На пример, новинарските осврти: за потполно отсуство македонски државни инсигнии од изборните митинзи на ДУИ што го предводеше коалицискиот „Европски фронт“; извештај со осврт (илустриран со оригинални аудиовизуелни цитати) кон симулацијата на оваа партија за политички систем во кој сите раководни државни позиции – претседател на држава/премиер/претседател на парламент - ги водат Албанци, и тоа предложени од споменатата владејачка Коалиција; злоупотребата државни ресурси за приватни цели во текот на седумгодишниот мандат во извршната власт; рекапитулација на поентите искажани во трите дебатни соочувања меѓу двајцата претседателски кандидата - проф. д-р Сиљановска-Давкова и проф. д-р Пендаровски.

Експертската (политиколошка/комуниколошка) и новинарска анализа на резултатите по првиот круг за Претседателските избори во шесте изборни единици, главно во смисла на навестување за негово можно влијание врз гласачката настроеност за Парламентарните избори, придонесе за голема застапеност на статистичките ставки „експерти/аналитичари“ и „други субјекти“, кои добија по 1 час од вкупното информативно време за централното издание на Дневникот, посочувајќи ги, меѓу другото, компромисите и приоритетите од основата за формирање нова извршна власт.

Празнувачкиот, велигденски општествен фон, пак, за испреплетениот тек и крај на двата изборни процеса, го надополнија и прилози за континуираните штрајкови и протести во домените - здравство/култура/образование/водостопанство/сточарство/земјоделие, каде, на пример, се бараа и причините за драстичната економска емиграција од одредени подрачја на Македонија, социјален контекст совпаднат и со традиционалните синдикални протести за 1 Мај, Денот на трудот.

***Табела 11: Застапеност на субјекти во вестите – Парламентарни избори 18.04 – 06.05.2024***

| **ТВ Алфа** | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Други прилози** | | | |
| Граѓански сектор | 00:12:48 | 5.20 | % |
| Здравство | 00:07:28 | 3.03 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:05:19 | 2.16 | % |
| Влада | 00:13:53 | 5.64 | % |
| Други субјекти | 02:12:22 | 53.75 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:17:54 | 7.27 | % |
| Локална самоуправа | 00:07:42 | 3.13 | % |
| Судство | 00:07:58 | 3.23 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:08:22 | 3.40 | % |
| Јавно обвинителство | 00:04:05 | 1.66 | % |
| Граѓани | 00:05:25 | 2.20 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:01:27 | 0.59 | % |
| СДСМ | 00:04:22 | 1.77 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:07:06 | 2.88 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:40 | 1.08 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:13 | 1.31 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:04:13 | 1.71 | % |
| **Вкупно за други прилози:** | **04:06:17** | **100** | **%** |

| Избори 2024 | | | |
|---|---|---|---|
| ДИК | 00:08:48 | 2.90 | % |
| Експерти/аналитичари | 01:01:31 | 20.27 | % |
| Коалиција „Твоја Македонија“ ВМРО-ДПМНЕ | 00:30:42 | 9.82 | % |
| Други субјекти | 01:07:59 | 22.40 | % |
| Левица | 00:08:04 | 2.66 | % |
| Коалиција Храбро за Македонија | 00:08:45 | 2.88 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:09:31 | 3.14 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:13:33 | 4.47 | % |
| Коалиција за Европска иднина | 00:20:57 | 6.90 | % |
| Граѓани | 00:01:27 | 0.48 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:21 | 0.77 | % |
| Нова Алтернатива Скопје | 00:04:35 | 1.51 | % |
| ДЕМОКРАТИ | 00:04:47 | 1.58 | % |
| Коалиција Европски фронт | 00:18:11 | 5.99 | % |
| Твоја партија | 00:00:38 | 0.21 | % |
| Политичка партија АВАЈА | 00:03:13 | 1.06 | % |
| Работничка партија | 00:01:03 | 0.35 | % |
| Родина Македонија | 00:01:05 | 0.36 | % |
| Македонска ера трета/Македонски независни листи | 00:00:55 | 0.30 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:30 | 0.49 | % |
| Влада | 00:01:26 | 0.47 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:41 | 0.23 | % |
| **Вкупно за Избори 2024:** | **05:03:26** | **100** | **%** |

**Вкупно анализирано време во вестите = 09:09:43**

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

Во посебните информативни емисии на ТВ Алфа, соговорници почесто беа аналитичари и експерти отколку политичари. Со нив, освен текот и (можните) исходи од двојниот изборен процес, беше правена анализа и на начинот на кој својата функција ја извршуваше коалициската влада на СДСМ и ДУИ.

***Интервјуа***

Од вкупно 14 интервјуа организирани во периодот од 18 април до 6 мај, четири беа со политичари, од кои едно со актуелна кандидатка - Гордана Димитриеска - Кочоска, потпретседателка на ВМРО ДПМНЕ и коносителка на изборна листа во ИЕ1. Разговорите беа реализирани во емисиите Заспиј ако можеш, За или против и Вечерното шоу на Богдан Илиевски.

***Табела 12: Интервјуа***
(премиерно емитувани)

| ТВ АЛФА | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **18.04.** | проф. д-р Илија Ацески, социолог; | - социолошко гледиште за аспекти на изборната кампања;<br>- начини за мотивација на апатичните гласачи;<br>- реалноста на изборната кампања;<br>- штетите од партизацијата на македонското општество;<br>- злоупотреба на личните навреди во претседателската кампања;<br>- причините за иселувањето на младите; | **За или против** |
| **18.04.** | Зоран Димитровски, генерален секретар на Демократски сојуз; | - финална фаза од изборната кампања;<br>- причините за „црната кампања“ од митинзите на д-р Стево Пендаровски;<br>- тактиката за „изедначување“/неутрализација на политичкиот избор;<br>- партиските влијанија врз состојбите во судството;<br>- судир на интереси во АСЈО и во ДКСК;<br>- неказнивоста на политичкото противзаконско однесување на функционери од ДУИ;<br>- изборниот потенцијал на коалициите;<br>- коментар за изборен настап на д-р Пендаровски (инсерт од настап на митинг); | **Заспиј ако можеш** |
| **19.04.** | Дарко Јаневски, новинар; | - почеток на кампањата за Парламентарните избори;<br>- поклопувањата со кампањата за Претседателските избори;<br>- анкетите на јавното мислење;<br>- (не)реалноста на предизборните ветувања;<br>- предизборните спотови;<br>- клучните пораки за неопределените гласачи; | **Вечерното шоу на Богдан Илиевски** |
| **22.04.** | Драган Павловиќ – Латас, новинар; | - одѕивот на гласачите за Претседателските избори;<br>- осврт кон изборната кампања;<br>- владеењето на Коалицијата ДУИ и СДСМ;<br>- капацитетите на Претседателските кандидати;<br>- ревизија на владејачкиот мандат на ДУИ;<br>- проценка на ривалитетите по изборни единици; | **За или против** |
| **22.04.** | проф. д-р Петар Атанасов, политички аналитичар, поранешен заменик-министер за образование од СДСМ; | - меѓуетничките односи/тензии како тема во изборната кампања;<br>- недостаток на државни инсигнии на митинзите;<br>- осврт кон владеењето на ДУИ и СДСМ;<br>- програмската понуда во изборните процеси;<br>- (етничките) барањата/условувањата на ДУИ за новата, постизборна влада;<br>- аномично/нестабилно општество;<br>- проценка на изборниот исход. | **Заспиј ако можеш** |
| **25.04.** | проф. д-р Гордана Сиљановска – Давкова, кандидатка за претседател поддржана од ВМРО ДПМНЕ;<br><br>***<u>Белешка</u>**: на крајот на емисијата беше споменато дека за интервју бил поканет и* | - рекапитулација на првиот круг од Претседателските избори;<br>- политички причини за победа со голема разлика гласови;<br>- патриотизмот/национализмот во кампањата;<br>- примери за изборната „црна кампања“;<br>- професионалното професорско-правничко искуство;<br>- ингеренциите на претседателот на државата; | **Заспиј ако можеш** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | *проф. д-р Стево Пендаровски;* | | |
| **26.04.** | проф. д-р Звонимир Јанкуловски, политички аналитичар; | - анализа на првиот круг Претседателски избори;<br>- причините за големата разлика и одзивот на гласачите;<br>- гласањето како „револт“ на гласачите;<br>- очекувања за вториот изборен круг;<br>- навестувања за Парламентарните избори; | **За или против** |
| **27.04.** | проф. д-р Владимир Божиновски, директор на ИПИС; | - точноста на прогнозите од испитувањата на јавното мислење;<br>- навестувања за резултатите од Парламентарните избори;<br>- политичка (зло)употреба на анкетите и на медиумите во изборната кампања;<br>- влијанието на јавните настапи на Бојан Јовановски – Боки13, врз изборите; | **Вечерното шоу на Богдан Илиевски** |
| **29.04.** | Панче Тошковски, министер за внатрешни работи во преодната Влада од ВМРО ДПМНЕ; | - ангажманот на МВР за обезбедувањето на изборниот процес;<br>- подобрување на општествената положба на полициските службеници;<br>- внатрешна реорганизација на МВР;<br>- надминување на проблемот со замена на личната документација; | **За или против** |
| **29.04.** | проф. д-р Самоил Малчески, политички аналитичар; | - осврт кон резултатите од првиот круг Претседателски избори;<br>- изборниот „цех“ што го плаќа владејачката СДСМ;<br>- изборниот резултат на Левица/проф. д-р Ванковска-Цветковска;<br>- изборните коалиции – позицијата на Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ;<br>- економската стагнација во мандатот на ДУИ и СДСМ; | **Заспиј ако можеш** |
| **02.05.** | Џевдет Хајредини, политички аналитичар/поранешен министер за економија; | - анализа на изборните резултати на ДУИ;<br>- постизборни коалиции;<br>- изборни изјави на д-р Бујар Османи и на Али Ахмети (ДУИ);<br>- влијанието на албанскиот политички фактор во регионот;<br>- неказнивост на криминалот и на корупцијата на високи функционери во извршната власт;<br>- анализа на досегашните меѓународни извештаи за Македонија; | **За или против** |
| **02.05.** | проф. д-р Владимир Божиновски, директор ИПИС; | - анализа на резултатите по првиот круг Претседателски избори;<br>- навестувања за резултатите од Парламентарните избори;<br>- „клиентелистички“/„реални“ изборни гласови;<br>- (не)можноста за бојкот на вториот круг Претседателски избори;<br>- последиците од избегнувањето на јавните дебатни соочувања;<br>- односот на политичарите кон МРТ и анкетите на ИПИС;<br>- влијанието на политичкиот маркетинг; | **Заспиј ако можеш** |
| **03.05.** | Гордана Димитриеска - Кочоска, потпретседателка на ВМРО ДПМНЕ, коносителка на изборна листа во ИЕ1; | - професионална и политичка биографија; | **Вечерното шоу на Богдан Илиевски** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **06.05.** | Ана Дуковска, граѓанска активистка за човекови права; | - дали Владата на СДСМ и на ДУИ свесно ја заборави дијаспората;<br>- остварување на правото на глас;<br>- потреба за пратеник од дијаспората во македонскиот Парламент;<br>- (не)функционалноста на Агенцијата за иселеништво; | **За или против** |

***Дебати***

Анализата на изборниот резултат од првиот круг на Претседателските избори, реториката и слоганите за изборно претставување, заснованоста на прогнозата од анкетите на јавното мислење, условувањата за стабилна политичка коалиција по која би се консолидирала функционална извршна власт, (не)можност за ревизија на постојните билатерални договори и меѓународната позиција на Македонија во однос кон ЕУ-интеграциите – тоа беа главните теми за изборните дебати реализирани во актуелно-информативните емисии – Заспиј ако можеш и За или против.

***Табела 13: Дебати***

(премиерно емитувани)

| **ТВ АЛФА** | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **25.04.** | Политички аналитичари:<br>1. Ивица Боцевски;<br>2. Џенур Исеини; | **За или против** |
| **26.04.** | Политички аналитичари/новинари:<br>1. Бранко Геровски;<br>2. Драган Павловиќ – Латас; | |
| **30.04.** | Политички аналитичари:<br>1. проф. д-р Жидас Даскаловски;<br>2. Ивица Боцевски; | **Заспиј ако можеш** |
| **01.05.** | Политички аналитичари/новинари:<br>1. Љуљзим Фаризи, политички аналитичар;<br>2. Јордан Ристовски, политички аналитичар; | **Заспиј ако можеш** |
| **06.05.** | Политички аналитичари:<br>1. Плуми Велиу;<br>2. Љубомир Ѓурчевски. | **Заспиј ако можеш** |

***Информирање за лицата со сетилна попреченост***

Секојдневно вестите од 20:15 часот беа преведувани на знаковен јазик, а титлуван беше неделниот пресек од најважните општествено-политички настани и случувања насловен „Седмица“ – на тој начин ТВ Алфа ја исполни обврската од членот 75 ставови 1 и 4 од ИЗ, да обезбеди информирање на лицата со сетилна попреченост.

## ТВ Канал 5

***<u>Дневноинформативни емисии</u>***

### *Примерок*

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Вести во 18*;
**Број на анализирани изданија**: 17 изданија (од 18 до 22 април и од 25 април до 6 мај);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 6 часа 44 минути и 49 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

### ***<u>Начин на известување</u>***

Поголемиот дел од Вестите во 18 часот во анализираниот период беше посветен на Парламентарните избори. Изборното претставување на лидерите на партиите и носителите на листи за пратеници, преку обраќања од митинзи или организирани средби со граѓани на кои ги промовираа своите програми и политички визии, беше издвоено во посебна рубрика насловена „Изборна хроника 2024“, која се емитуваше веднаш по изданието на Вестите. Во најголем број случаи беа прикажувани изборните меѓупартиски обвинувања, па така, извесната информативна предност на Коалицијата „Твоја Македонија“, предводена од опозициската ВМРО ДПМНЕ под лидерство на Христијан Мицкоски, се должи на јавната, остра изборна реторика меѓу него и Али Ахмети, лидерот на ДУИ како предводничка партија на Коалицијата „Европски фронт“, полемика тематски нагласена посебно по најавите за можна постизборна коалиција со опозициското обединување на група албански партии под коалициското мото – ВЛЕН/ВРЕДИ. Во контекстот на оваа изборна комбинаторика се известуваше и за коалициските услови што ги постави опозициското Движење – ЗНАМ, во јавните изборни настапи најчесто претставувано од лидерот Максим Димитриевски, потоа за спроведувањето на редовните организациски обврски што ги имаа ДИК и МВР, за првичните оценки на ОБСЕ/ОДИХР, меѓународната набљудувачка мисија на изборниот процес, а не изостанаа и прилози со ставови и мислења на аналитичарите на актуелните политички случувања, пред сѐ во врска со навестените контури на идната извршна власт, како и за влијанието на резултатите од првиот круг на Претседателските избори врз текот на кампањата за Парламентарните избори.

Во анализираниот период, од другите позначајни актуелни општествени теми, за кои се известуваше преку вести во низа и со извештаи, може да се издвојат: случувањата околу лошото менаџирање на државната Клиника за токсикологија; екстрадицијата од Република Турција на Љупчо Палевски, лидерот на партијата Десна, првоосомничен за сѐ уште неразрешено двојно убиство; поскапувањето на осигурувањето за регистрација на возилата и обидите да се врати старата цена; обвинителниот акт за злоупотреби на ваучер системот во Агенцијата за млади и спорт; актуелни штрајкови на различни општествени сектори и традиционалните првомајски синдикални протести; прилози за прославата на велигденските празници; присуството на македонскиот политички врв од власта и од опозицијата на одбележувањето годишнина од смртта на Гоце Делчев; судски рочишта; стручни мислења на експерти за различни теми и други тековни актуелни настани и случувања.

*Табела 14: Застапеност на субјекти во вестите – Парламентарни избори 18.04 – 06.05.2024*

| ТВ Канал 5 | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| **Други прилози** | | | |
| Судство | 00:03:57 | 2.15 | % |
| Граѓански сектор | 00:27:09 | 14.81 | % |
| Влада | 00:26:54 | 14.67 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:06:30 | 3.55 | % |
| Други субјекти | 00:54:22 | 29.66 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:21:44 | 11.86 | % |
| Граѓани | 00:19:19 | 10.54 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:48 | 1.53 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:01:27 | 0.79 | % |
| Локална самоуправа | 00:04:04 | 2.22 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:32 | 0.29 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:01:27 | 0.79 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:25 | 2.41 | % |
| Партија Десна | 00:01:30 | 0.82 | % |
| Јавно обвинителство | 00:05:31 | 3.01 | % |
| Стево Пендаровски | 00:00:20 | 0.18 | % |
| Гордана Сиљановска-Давкова | 00:00:20 | 0.18 | % |
| Собрание | 00:00:20 | 0.18 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:20 | 0.18 | % |
| СДСМ | 00:00:20 | 0.18 | % |
| **Вкупно за други прилози:** | **03:03:19** | 100 | % |
| **Избори 2024** | | | |
| ДИК | 00:15:58 | 7.21 | % |
| Коалиција „Твоја Македонија“ ВМРО-ДПМНЕ | 00:33:09 | 14.61 | % |
| Коалиција за Европска иднина | 00:25:06 | 10.98 | % |
| Коалиција Европски фронт | 00:19:04 | 8.61 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:14:34 | 6.58 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:13:01 | 5.88 | % |
| ДЕМОКРАТИ | 00:02:16 | 1.02 | % |
| Коалиција Храбро за Македонија | 00:03:43 | 1.68 | % |
| Нова Алтернатива Скопје | 00:02:27 | 1.11 | % |
| Левица | 00:02:53 | 1.30 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:16:37 | 7.50 | % |
| Граѓани | 00:05:03 | 2.28 | % |
| Други субјекти | 00:11:01 | 4.97 | % |
| Работничка партија | 00:00:29 | 0.22 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:16 | 1.02 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:13 | 1.00 | % |
| Родина Македонија | 00:00:25 | 0.19 | % |
| | **Вкупно за Избори 2024: 03:41:30** | 100 | % |

**Вкупно анализирано време во вестите = 06:44:49**

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

Во текот на изборната кампања за Парламентарните избори, посебните информативни емисии беа реализирани само во формат на дебати, најчесто со кандидати за пратеници.

***Дебати***

Во редовниот термин за актуелно-информативната емисија *Само вистина* најдискутирани теми беа: резултатите од прviот круг од Претседателските избори и нивното влијание врз Парламентарните избори, различни аспекти од изборната кампања, постизборните комбинаторики и оценување на изборните програми на партиите.

***Табела 15: Дебати***

<u>(премиерно емитувани)</u>

| **Канал 5** | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **18.04.** | 1. Данела Арсовска, претседателка на Нова Алтернатива и носителка на листа во ИЕ1;<br>2. Добрила Андоновска, носителка на листа во ИЕ1 од Коалиција Храбро за Македонија;<br><br>**<u>Поканата за учеството во емисијата ја одбил Димитар Апасиев, претседателот на Левица и носител на листа во ИЕ1;</u>** | **Само вистина** |
| **19.04.** | 1. Ѓулистана Марковска, поранешна пратеничка;<br>2. Страшо Ангеловски, претседател на МААК; | |
| **25.04.** | 1. Сања Лукаревска, носителка на листа во ИЕ 3 од СДСМ/ Коалиција за Европска иднина;<br>2. Драган Ковачки, носител на листа во ИЕ 3 од ВМРО ДПНМЕ; | |
| **26.04.** | 1. Славјанка Петровска, носителка на листа во ИЕ6 од СДСМ/ Коалиција за Европска иднина;<br>2. Дафина Стојаноска, носителка на листа во ИЕ6 од Коалицијата „Твоја Македонија"/ВМРО ДПМНЕ; | |
| **29.04** | 1. Бисера Костадиновска-Стојчевска, носителка на листа во ИЕ 5 од СДСМ/ Коалиција за Европска иднина;<br>2. Олга Лозановска, кандидатка на листа во ИЕ 5 од Коалицијата „Твоја Македонија"/ВМРО ДПМНЕ; | |
| **30.04.** | 1. Јанко Бачев, носител на листа во ИЕ 4 од Единствена Македонија;<br>2. Јорго Огненовкски, носител на листа во ИЕ 1 од Демократи;<br>3. Зоран Јованчев, носител на листа во ИЕ 2 од Родина; | |
| **01.05.** | 1. Александар Пандов, претседател на патриотскиот институт „Гоце Делчев" на ВМРО ДПМНЕ;<br>2. Агим Јонуз, политички аналитичар; | |
| **02.05.** | 1.Жаклина Пешевска, коносителка на листа ИЕ2 од Коалицијата „Твоја Македонија"/ВМРО ДПМНЕ;<br>2.Фатмир Битиќи, коносител на листа во ИЕ2 од СДСМ/ Коалиција за Европска иднина;<br>3.Даниел Стојчевски, носител на листа ИЕ2 од ЗНАМ. | |

***Други програми***

Во рамките на забавно-информативната емисија Здраво Македонијо, говорејќи за приватноста и за професионалниот ангажман, покрај други гости на општествени позиции со јавни овластувања, како репрезенти на Движењето ЗНАМ во различни термини гостуваа – лидерот Максим Димитриевски и проф. д-р Бобан Карапејовски, лингвист и носител на листа во ИЕ 1.

***Информирање за лицата со сетилна попреченост***

Со знаковен јазик, ТВ Канал 5 ги приспособи – централното издание на Вестите од 18 часот (едно издание на 3 мај во 20:45 часот) и посебната информативна емисија Изборна хроника 2024 - на тој начин ги исполни обврските од членот 75 ставови 1 и 4 од ИЗ.

## ТВ СИТЕЛ

***Дневноинформативни емисии***

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник* од 19 часот;
**Број на анализирани изданија**: 17 изданија (од 18 до 22 април и од 25 април до 6 мај);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 9 часа 32 минути и 35 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: вест/во низа, извештај, интервју;

***Начин на известување***

Интервјуата што, под наслов „Тема на денот“ во централното издание на ТВ дневникот од 19 часот информативната редакција на ТВ Сител ги емитуваше во изборниот период од 18 април до 6 мај го претставуваат најзначајниот новинарски труд за посодржајно информирање на потенцијалните гласачи што низ шест изборни единици го селектираа новиот состав на народните претставници во македонското Собрание. Всушност, ако се иземат двете изданија на актуелноинформативната, дебатна емисија „Детектор“, тогаш ТВ дневникот е единствената информативна емисија низ која ТВ Сител се обиде да отвори простор за проследување на кампањите на учесниците во парламентарниот изборен процес. Новинарски погледнато, освен воведните (18 април) и заклучните (6 мај) подолги разговори со претставници на опозициската Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО ДПМНЕ и владејачката Коалиција за Европска иднина предводена од СДСМ - активностите на другите учесници во изборниот процес беа одделени во посебна инфо-рубрика составена од аудиовизуелен материјал со соопштенија и со изјави низ кои, со различен интензитет и со помалку-повеќе успешно организиран комуникациски начин, кандидатите за пратеници поентираа пред гласачкото тело. Под такви продукциски можности и изборни околности, ТВ Сител во дневникот од 19 часот успеа да презентира 11 од 17 учесника во периодот за официјалниот изборен процес, а меѓу нив позначајна медиумска минутажа добија пред сè поголемите коалициски владејачки и опозициски обединувања: „Твоја Македонија“ (ВМРО ДПМНЕ); Европска иднина (СДСМ); ВЛЕН/ВРЕДИ и „Европски фронт“ (ДУИ). Редакцијата направи и детален осврт на изборните резултати од првиот круг на

Претседателските избори, преку официјалните статистички показатели од ДИК за гласањето во шесте изборни единици.

Со вести во низа, информативната редакција на ТВ Сител за дневната општествена хроника, принудно обележана со предзнакот на тековната изборна кампања, новинарски се ангажираше околу повеќемесечните протести и конкретни проблеми од доменот на работните односи на вработени во македонскиот здравствен систем (неплаќањето на приватните специјализанти/менаџирањето на Клиниката за токсикологија/економско-социјалните барања на вработените во ФЗОМ), одложувањето на доставата документи за лична идентификација, а посебно околу кривичните пријави за некогашното и за сегашното раководство на Агенцијата за млади и спорт, поради малверзации со доделувањето на т.н. „спортски ваучери“. Пригодно, голем дел од информативната минутажа во Дневникот произлезе и од различните видови на традиционалните прослави на Велигден и на 1 Мај.

***Табела 16: Застапеност на субјекти во вестите – Парламентарни избори 18.04 – 06.05.2024***

| ТВ Сител | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Други прилози** | | | |
| Влада | 00:21:32 | 14.77 | % |
| Други субјекти | 01:01:43 | 42.34 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:54 | 2.68 | % |
| Судство | 00:01:38 | 1.12 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:10:10 | 6.98 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:06:06 | 4.19 | % |
| Јавно обвинителство | 00:04:12 | 2.88 | % |
| Граѓани | 00:08:56 | 6.13 | % |
| Здравство | 00:04:59 | 3.42 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:01:22 | 0.94 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:02:03 | 1.41 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:09:19 | 6.39 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:03:33 | 2.44 | % |
| СДСМ | 00:02:33 | 1.75 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:55 | 2.00 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:50 | 0.57 | % |
| **Вкупно за други прилози:** | **02:25:45** | **100** | **%** |
| **Интервјуа во вести** | | | |
| ДИК | 00:12:20 | 5.15 | % |
| Други субјекти | 00:25:07 | 10.49 | % |
| Коалиција „Твоја Македонија“ ВМРО-ДПМНЕ | 00:58:07 | 24.27 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:16:26 | 6.86 | % |
| Коалиција за Европска иднина | 00:41:45 | 17.44 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:44:53 | 18.75 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:16:15 | 6.79 | % |
| Граѓански сектор | 00:15:42 | 6.56 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:08:50 | 3.69 | % |
| **Вкупно за интервјуа во вести: 03:59:25** | | **100** | **%** |
| **Избори 2024** | | | |
| ДИК | 00:22:20 | 11.92 | % |
| Коалиција за Европска иднина | 00:25:03 | 13.37 | % |
| Коалиција „Твоја Македонија“ ВМРО-ДПМНЕ | 00:33:52 | 18.07 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:16:47 | 8.96 | % |
| Коалиција Храбро за Македонија | 00:04:24 | 2.35 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:11:14 | 5.99 | % |
| Левица | 00:07:17 | 3.89 | % |
| Коалиција Европски фронт | 00:18:15 | 9.74 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:16 | 0.68 | % |
| Други субјекти | 00:08:26 | 4.50 | % |
| Судство | 00:01:07 | 0.60 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:42 | 1.97 | % |
| Нова Алтернатива Скопје | 00:00:41 | 0.36 | % |
| ДЕМОКРАТИ | 00:02:01 | 1.08 | % |
| Влада | 00:01:09 | 0.61 | % |
| Граѓани | 00:03:09 | 1.68 | % |
| Работничка партија | 00:00:51 | 0.45 | % |
| Политичка партија АВАЈА | 00:00:28 | 0.25 | % |
| **Вкупно за Избори 2024: 03:07:25** | | **100** | **%** |
| **Вкупно анализирано време во вестите = 09:32:35** | | | |

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

Во посебните информативни емисии, ТВ Сител беше фокусирана на претставување на двете најголеми коалиции – „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО ДПМНЕ и Европска иднина предводена од СДСМ. Надвор од оваа шема на дуалитет се наоѓа само интервјуто во вестите со Максим Димитриевски, лидерот на Движењето ЗНАМ – За наша Македонија.

***Интервјуа***

Табелата со евиденцијата на интервјуата реализирани во рубриката – „Тема на денот“, во склоп на анализираниот ТВ Дневник од 19 часот, ги прикажува исклучиво разговорите на изборни теми со релевантни чинители на пошироката македонска јавност или со претставници на некои од учесниците во изборната кампања за Парламентарните избори, која се совпадна со претседателската кампања.

Во однос, пак, на актуелноста на гореспоменатите, чести синдикално или граѓански организирани протести и штрајкови од различни општествени сектори, како и во однос на глобалната безбедност по судирот Иран - Израел, во „Тема на денот“ беа направени и неколку интервјуа на прашања што не се однесуваа на изборните процеси.

***Табела 17: Интервјуа***
(премиерно емитувани)

| | ТВ СИТЕЛ | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник/соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **19.04.** | Владо Мисајловски, носител на листа на Коалицијата „Твоја Македонија"/ВМРО ДПМНЕ за ИЕ 2; | - како ќе продолжи кампањата за двата изборни процеса;<br>- поенти од изборната партиска програма;<br>- уставните измени и ЕУ-интеграциите;<br>- принципите за коалицирање; | **Тема на денот**<br><br>**-** *редовна рубрика во ТВ Дневникот* |
| **20.04.** | Димитар Ковачевски, СДСМ/ Коалиција за Европска иднина; носител на листа во ИЕ1 | - оценки за текот на кампањата;<br>- изборниот потенцијал на д-р Пендаровски;<br>- барањата на некогашниот коалициски партнер ДУИ;<br>- поенти од партиската програма на СДСМ/ Коалиција за Европска иднина; | |
| **21.04.** | Штефан Левин, претседател на Партијата на европските социјалисти; | - предизборна поддршка за СДСМ;<br>- уставните измени како услов за ЕУ-интеграции;<br>- реализам во преговорите со Бугарија;<br>- руската инвазија во Украина и влијанието врз Скандинавија; | |
| **22.04.** | проф. д-р Христијан Мицкоски, лидер на ВМРО ДПМНЕ; | - оценка за претседателската изборна кампања;<br>- одговор на митингашките закани од Али Ахмети, лидерот на Европскиот фронт;<br>- комбинации за вториот круг на Претседателските избори;<br>- можни постизборни коалиции/„математики" за формирање влада;<br>- поенти од програмата на ВМРО ДПМНЕ;<br>- повик за граѓанско обединување;<br>- ЕУ-интегративниот процес; | |
| **25.04.** | Љупчо Петковски, политиколог; | - причините за убедливата победа на проф. д-р Сиљановска-Давкова;<br>- причините за поразот на политиките на владејачката СДСМ;<br>- (не)релевантноста на изборните анкети;<br>- сценариото за прелевање на гласови во вториот круг Претседателски избори; | |
| **26.04.** | Максим Димитриевски, лидер на ЗНАМ; | - оценка за својот изборен резултат од првиот круг на Претседателските избори;<br>- одлив на гласови во вториот круг Претседателски избори;<br>- очекувања за Парламентарните избори;<br>- „трета политичка сила" како коректив за идната извршна власт;<br>- услови за можни коалицирања;<br>- опозициски повици за национално обединување;<br>- политички пораки за СДСМ и за ВМРО ДПМНЕ;<br>- АСНОМ-ска мотивација на партиската програма на ЗНАМ – спој на „комити" и на „партизани"; | |
| **03.05.** | Димитар Ковачевски, СДСМ/ Коалиција за Европска иднина; | - анализа на резултатот по првиот круг Претседателски избори;<br>- лоцирање на незадоволствата на гласачите;<br>- односот со медиумите;<br>- одговорност на партиските функционери за корупциски случаи/афери;<br>- осврт кон изборната позиција на ЗНАМ;<br>- анализа на изборните дејствија на ДУИ; | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **04.05.** | проф. д-р Христијан Мицкоски, Коалиција „Твоја Македонија“/ВМРО ДПМНЕ; | - сомнежи за изборни нерегуларности по првиот круг Претседателски избори;<br>- изборни коалицирања;<br>- јавните закани од ДУИ;<br>- принципите на ВМРО ДПМНЕ за владина коалиција;<br>- односите со ЗНАМ и со ВРЕДИ/ВЛЕН;<br>- „историските последици“ од владеењето на ДУИ и СДСМ; | |

***Дебати***

Се дебатираше за: „реалноста“ на изборните кампањи како мотивација на гласачкото тело; одзивот на гласачите; анализа на двата изборни процеса; дали граѓаните ги „препознаваат“ партиските политики; начинот на политичка комуникација со гласачкото тело; колку се македонските политички опции и самите политичари навистина „европски“; родовата рамноправност на политичката активност, политичката мотивација на жените.

***Табела 18: Дебати***
(премиерно емитувани)

| **ТВ СИТЕЛ** | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **28.04.** | - Александар Кржаловски - МЦМС;<br>- Бојан Кордалов, комуниколог;<br>- Гордан Георгиев, Форум за различни политики; | **Детектор** |
| **29.04.** | - Моника Зајкова - ЛДП/Коалиција за Европска иднина, предводена од СДСМ;<br>- Марија Митева, Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО ДПМНЕ; | **Ја сакам Македонија** |

***Информирање за лицата со сетилна попреченост***

Од понеделник до петок, комбинирано со титлување и со знаковен јазик, беа приспособени - вестите од 23 часот, потоа - вестите од 21 часот за време на викендот, и актуелноинформативната емисија „Детектор“ - со што беше исполнета обврската од членот 75 ставови 1 и 4 од ИЗ, да се обезбеди информирање за лицата со сетилна попреченост.

# ТВ ТЕЛМА

***<u>Дневноинформативни емисии</u>***

### *Примерок*

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Вести* од 21:30 часот;
**Број на анализирани изданија**: 17 изданија (од 18 до 22 април и од 25 април до 6 мај);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 6 часа 28 минути и 54 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: вест/во низа, извештај;

### ***<u>Начин на известување</u>***

ТВ Телма, во периодот на изборната кампања за Парламентарните избори - од 18 април до 6 мај, во времето за изданијата на својата дневноинформативна емисија од 21:30 часот успеа да ги претстави поентите од кампањата на 11 учесника од вкупно 17-те потврдени во процесот за селекција на новиот состав на македонското Собрание. Од вкупно 3 часа и 53 минути отстапени во ТВ дневникот за стриктно изборни теми, со повеќе од 20 информативни минути беа претставени различни аспекти од секојдневната интензивна изборна кампања на коалициите: „Твоја Македонија“, предводена од опозициската ВМРО ДПМНЕ; Европска иднина, предводена од владејачкиот СДСМ; „Европски фронт“, предводен од владејачката ДУИ; ВЛЕН/ВРЕДИ на опозицискиот блок обединети албански партии; но и кампањата на Движењето ЗНАМ – За наша Македонија, под лидерство на Максим Димитриевски, актуелниот градоначалник на Општина Куманово. Од другите учесници во изборот за народни пратеници, повидливо време во ТВ дневникот беше отстапено за политичката партија Левица, и тоа главно низ поенти од изјави на носители на изборни листи при нивните средби со гласачите од различни изборни единици.

Поважни актуелни општествено-политички теми, во централните Вести, обработувани со вести во низа, беа: најавите за синдикално организирани протести по повод 1 Мај, известувањето за повеќемесечните штрајкови на вработени во различни сектори на македонското општество (култура/образование/здравство); тековни проблеми од контроверзното менаџирање на Клиниката за токсикологија; последните билатерални подготовки од постапката за екстрадицијата на Љупчо Палевски, лидерот на партијата Десна, од затвор во Турција; нова корупциска афера со т.н. „спортски ваучери“ што ги издава Агенцијата за млади и спорт; економските и социјалните околности под кои македонските граѓани се подготвуваа за прославата на Велигден; официјалните чествувања на годишницата од смртта на Гоце Делчев.

***Табела 19: Застапеност на субјекти во вестите – Парламентарни избори 18.04 – 06.05.2024***

| ТВ Телма | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Други прилози** | | | |
| Други субјекти | 01:05:27 | 42.02 | % |
| Судство | 00:04:28 | 2.87 | % |
| Граѓански сектор | 00:19:06 | 12.26 | % |
| Влада | 00:13:36 | 8.73 | % |
| Јавно обвинителство | 00:04:04 | 2.61 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:06:51 | 4.40 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:02:19 | 1.49 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:12:54 | 8.28 | % |
| Граѓани | 00:12:17 | 7.89 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:08:58 | 5.76 | % |
| Демократски сојуз | 00:01:39 | 1.06 | % |
| СДСМ | 00:00:40 | 0.43 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:57 | 0.61 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:21 | 0.87 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:08 | 0.73 | % |
| **Вкупно за други прилози:** | **02:35:45** | **100** | **%** |
| **Избори 2024** | | | |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:27:32 | 11.81 | % |
| Коалиција Европски фронт | 00:23:48 | 10.21 | % |
| Коалиција „Твоја Македонија“ ВМРО-ДПМНЕ | 00:28:21 | 12.16 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:23:50 | 10.22 | % |
| Коалиција за Европска иднина | 00:22:06 | 9.48 | % |
| Левица | 00:10:20 | 4.43 | % |
| Нова Алтернатива Скопје | 00:04:36 | 1.97 | % |
| Коалиција Храбро за Македонија | 00:07:36 | 3.26 | % |
| ДИК | 00:13:35 | 5.83 | % |
| ДЕМОКРАТИ | 00:02:03 | 0.88 | % |
| Други субјекти | 00:00:10 | 0.07 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:06 | 0.90 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:33 | 2.38 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:03:38 | 1.56 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:45 | 0.32 | % |
| Родина Македонија | 00:01:15 | 0.54 | % |
| Политичка партија АВАЈА | 00:01:08 | 0.49 | % |
| **Вкупно за Избори 2024:** | **03:53:09** | **100** | **%** |
| **Вкупно анализирано време во вестите =** | **06:28:54** | | |

### ***<u>Посебни информативни емисии</u>***

Посебните информативни емисии на ТВ Телма, посветени на изборните процеси беа жанровски реализирани како дебати/соочувања пред се помеѓу аналитичари и експерти. Најчесто беа емитувани во Топ тема, а некои и во Вин вин.

### ***Дебати***

На 1 мај, ТВ Телма успеа непосредно да ги соочи изборните опции што ги нудеа универзитетските професори: д-р Гордана Давкова и д-р Стево Пендаровски, двајцата кандидата пласирани во вториот круг од гласањето за претседател на државата, поддржани од соперничките партии – опозициската ВМРО ДПМНЕ и владејачкиот СДСМ.

Топ тема и Вин вин, двете актуелноинформативни емисии од програмскиот сервис на ТВ Телма, во изборниот период од 18 април до 6 мај, презентираа политички и експертски дебати на следниве теми: користа и/или штетата за некои кандидати за претседател на државата и за народен пратеник од паралелниот тек на двата изборни процеса; комуникациски насоки во содржината на изборната реторика; реалната политичка (не)моќ на функцијата – претседател на државата; прогнози за исходот од Парламентарните избори и очекувања за компромиси при формирањето на новата извршна власт; клучните точки на изборниот натпревар меѓу двата коалициски блока од партиите на Албанците во Македонија; опасноста од политичка криза по повиците за бојкот на вториот круг од Претседателските избори/„прелевањето“ фаворизирачки гласови на изборното конто на еден претседателски кандидат; стратегија за расчистување со корупцијата во судскиот систем.

Имаше две дебати со учесници во изборна кампања – едната со претставници на коалициите „Европски фронт“ и ВЛЕН/ВРЕДИ, а другата беше непосредното соочување на изборните опции на двата кандидата пласирани во вториот круг од гласањето за претседател на државата.

***Табела 20: Дебати***
(премиерно емитувани)

| **ТВ ТЕЛМА** | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **18.04.** | *Политички аналитичари*:<br>1) проф. д-р Васко Наумовски;<br>2) проф. д-р Ненад Марковиќ; | **Вин вин** |
| **19.04.** | *Политички аналитичари*:<br>1) м-р Иво Рангеловиќ;<br>2) Ивица Боцевски;<br>3) проф. д-р Сефер Тахири; | **Топ тема** |
| **22.04.** | *Политички аналитичари*:<br>1) Александар Кржаловски, директор на МЦМС;<br>2) Андреа Стојковски, директор на Преспа институт;<br>3) Имер Селмани, поранешен претседателски кандидат; | **Топ тема** |
| **25.04.** | *Политички аналитичари*:<br>1) Висар Адеми;<br>2) Никола Тодоров;<br>3) Гордан Георгиев; | **Вин вин** |
| **26.04.** | 1) Крешник Бектеши – ДУИ/Коалиција „Европски фронт“;<br>2) Башким Бакиу – ВЛЕН/ВРЕДИ; | **Топ тема** |
| **29.04.** | 1) Драган Малиновски – адвокат<br>2) Дарко Аврамовски – директор на коалицијата Сите за правично судење; | **Топ тема** |
| **30.04.** | *Политички аналитичари*:<br>1) Мишо Поповиќ – Институт за демократија;<br>2) д-р Неда Малеска-Сачмароска – Центарот за управување со промени;<br>3) Милан Стефаноски; | **Топ тема** |
| **01.05.** | ***Претседателска дебата***:<br>1) проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова;<br>2) проф. д-р Стево Пендаровски; | **Топ тема** |
| **02.05.** | *Политички аналитичари*:<br>1) проф. д-р Дарко Лазаров;<br>2) проф. д-р Абил Бауш. | **Топ тема** |

***<u>Информирање за лицата со сетилна попреченост</u>***

Секојдневно вестите од 18:30 часот беа преведувани на знаковен јазик, а титлуван беше петочниот преглед на кампањата врамен во кусата информативна емисија Избори 2024 – на тој начин ТВ Телма ја исполни обврската од членот 75 ставови 1 и 4 од ИЗ, да се обезбеди информирање за лицата со сетилна попреченост.

# САТЕЛИТСКА ПРИВАТНА ТЕЛЕВИЗИЈА

## ТВ 24 Вести

***<u>Дневноинформативни емисии</u>***

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија:** *Дневник* од 20 часот;
**Број на анализирани изданија:** 17 изданија (од 18 до 22 април и од 25 април до 6 мај);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози:** 4 часа 26 минути и 51 секунда;
**Најчесто користени жанрови:** извештај, вест;

***<u>Начин на известување</u>***

Од официјално потврдените 17 учесника во изборниот процес за Парламентарните избори, кој траеше од 18 април до 6 мај, информативната редакција на ТВ 24 Вести што го подготвува анализираното, централно издание на Дневникот од 20 часот, презентираше поенти од изборната програма на 5 коалиции и на 8 партии (вкупно 13) што понудија свои кандидати или во сите шест или во помал број изборни едници низ кои се бираа идните народни пратеници за македонското Собрание. Прилозите за активностите поврзани со кампањата беа сместени во посебна рубрика насловена - „Парламентарни избори“, забележително одвоена од информациите околу кампањата за Претседателски избори со која се совпадна, а која, пак, редакцијата ја издели со посебна графика и со посебен џингл, во обид да се избегне мешањето на принципите на еднаквоста и на пропорционалноста при известувањето од двата изборни процеса, како што е пропишано со ИЗ.

Покрај информациите за активностите на партиите и кандидатите околу двојните избори, редакцијата на ТВ 24 Вести во овој период во Дневникот известуваше за низа други актуелни општествено-политички теми: одлуката на осигурителните компании да ја зголемат цената на полисите за автоодговорност; протестот на приватните специјализанти; проблемите со менаџирањето на Клиниката за токсикологија; цените на храната во периодот за празнувањето на Велигден и на 1 Мај; седумгодишнината од „Крвавиот четврток“ во Собранието; екстрадицијата на Љупчо Палевски, лидерот на партијата Десна, од Турција; разрешница на приговорот што проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова го поднесе против Академијата за судии и јавни обвинители поради кршење на изборните правила; традиционалниот првомајски синдикален протест и работничките барања обединети во ССМ; случајот со злоупотреба европски пари од програмата „Еразмус плус“; јавниот повик на Бојан Јовановски за повторување на судењето за корупцискиот случај „Рекет“; проблемите со издавањето нови пасоши; оспособувањето на скопскиот мост „Беласица“ за сообраќај, како и за други актуелни теми.

***Табела 21: Застапеност на субјекти во вестите – Парламентарни избори 18.04 – 06.05.2024***

| ТВ 24 Вести | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | Траење | Процент | |
| Други прилози | | | |
| Други субјекти | 00:35:33 | 36.30 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Влада | 00:09:50 | 10.04 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:01:53 | 1.92 | % |
| Јавно обвинителство | 00:04:13 | 4.31 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:04:36 | 4.70 | % |
| Судство | 00:03:55 | 4.00 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:09 | 6.28 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:48 | 0.82 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:06:01 | 6.14 | % |
| Здравство | 00:08:16 | 8.44 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:05:33 | 5.67 | % |
| Граѓани | 00:09:10 | 9.36 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:07 | 1.14 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:52 | 0.88 | % |
| **Вкупно за други прилози:** | **01:37:56** | **100** | **%** |
| Интервјуа во вести | | | |
| Граѓански сектор | 00:04:01 | 100.00 | % |
| **Вкупно за интервјуа во вести:** | **00:04:01** | **100** | **%** |
| Избори 2024 | | | |
| Коалиција за Европска иднина | 00:23:15 | 14.10 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:12:48 | 7.76 | % |
| Коалиција „Твоја Македонија“ ВМРО-ДПМНЕ | 00:20:35 | 12.48 | % |
| Коалиција Храбро за Македонија | 00:05:59 | 3.63 | % |
| Левица | 00:08:25 | 5.10 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:10:34 | 6.41 | % |
| Коалиција Европски фронт | 00:09:42 | 5.88 | % |
| Единствена Македонија | 00:00:34 | 0.34 | % |
| ДЕМОКРАТИ | 00:02:56 | 1.78 | % |
| Нова Алтернатива Скопје | 00:01:42 | 1.03 | % |
| Работничка партија | 00:00:56 | 0.57 | % |
| Политичка партија АВАЈА | 00:00:35 | 0.35 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:28 | 0.89 | % |
| Други субјекти | 00:15:08 | 9.18 | % |
| ДИК | 00:02:28 | 1.50 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:05:34 | 3.38 | % |
| Влада | 00:01:55 | 1.16 | % |
| Партија Десна | 00:01:07 | 0.68 | % |
| Судство | 00:00:50 | 0.51 | % |
| **Вкупно за Избори 2024:** | **02:44:54** | **100** | **%** |

**Вкупно анализирано време во вестите = 04:26:51**

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

Во периодот на официјалната изборна кампања за Парламентарните избори, ТВ 24 Вести организираше 27 посебни информативни емисии посветени на изборните процеси, реализирани како интервјуа и дебати. Забележливо е дека во емитуваните интервјуа немаше ниту едно со претставник на најголемите политички коалиции во државата - предводени од опозициската ВМРО ДПМНЕ или од владејачките СДСМ и ДУИ, односно информативната редакција на ТВ 24 Вести се обиде низ овој ТВ-формат да ги прикаже изборните опции на помалите партии и коалиции. Позициите на споменатите поголеми политички субјекти, пак, беа повеќе претставени во дебатните емисии на Телевизијата.

***Интервјуа***

Телевизијата, од 18 април до 6 мај, премиерно емитуваше вкупно 15 интервјуа на изборни теми, главно со кандидати за пратеници, односно носители на изборни листи, но и со експерти и аналитичари на различни, правно - економски аспекти од изборниот процес.

***Табела 22: <u>Интервјуа</u>***
<u>(премиерно емитувани)</u>

| ТВ 24 Вести | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник/соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **19.04.** | Стевчо Јакимовски, претседателски кандидат поддржан од ГРОМ;<br><br>проф. д-р Билјана Ванковска-Цветковска, кандидатка за претседател поддржана од Левица;<br><br>д-р Бујар Османи, претседателски кандидат поддржан од ДУИ;<br><br>проф. д-р Стево Пендаровски, претседателски кандидат поддржан од СДСМ;<br><br>проф. д-р Гордана Сиљановска- Давкова, кандидатка за претседател поддржана од ВМРО ДПМНЕ;<br><br>Максим Димитриевски, претседателски кандидат поддржан од Движењето ЗНАМ; | Сите кандидати добија исти прашања, а нивните одговори беа монтирани во една целина, еден по друг, по различен редослед за секое прашање.<br><br>- состојбите во правосудството и идејата за ветинг на судиите и обвинителите, но и на сите јавни функционери;<br>- уставните измени и преговарачката рамка со ЕУ;<br>- меѓуетничките односи и националистичките наративи во предизборната кампања;<br>- приоритетите на секој кандидат доколку биде избран за претседател; | **Трилинг** |
| **22.04.** | доц. д-р Бобан Карапејовски, носител на изборната листа на Движењето ЗНАМ во ИЕ 1; | - партизацијата и клиентелизмот во општеството;<br>- справувањето на државата со корупцијата;<br>- потребните реформи во образованието;<br>- уставните измени и интеграцијата во Европската унија; | **Студио 10** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - состојбите во правосудството; | |
| **22.04.** | проф. д-р Мирјана Најчевска, носителка на изборната листа на „Твоја партија“ во ИЕ 1; | - предизборните ветувања на големите политички партии;<br>- ослабнатата позиција на Собранието во политичкиот систем;<br>- можноста за активирање на неопределените гласачи;<br>- уставните измени и спорот со Бугарија;<br>- позицијата на граѓанинот во општеството;<br>- (не)владеењето на правото;<br>- непрочистениот избирачки список | **Студио 10** |
| **22.04.** | д-р Арбен Таравари, претседателски кандидат поддржан од Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ; | - Албин Курти и неговото можно влијание на изборите во земјава;<br>- предизборната кампања;<br>- гласањето на македонските државјани од дијаспората;<br>- улогата на дијаспората во политичките процеси поврзани со Албанците во земјава;<br>- обраќањето на Таравари само кон гласачите Албанци;<br>- односот на Македонија со соседите и влијанието на Србија;<br>- уставните измени и интеграцијата во ЕУ; | **Аргумент плус** |
| **25.04.** | проф. д-р Мерсел Биљали, политички аналитичар; | - анализа на резултатите од првиот круг на Претседателските избори;<br>- комбинаторики за поддршката во вториот круг;<br>- етнопопулистичкиот наратив на ВМРО ДПМНЕ во изборната кампања;<br>- националистичките теми во кампањата како „замена“ на дебатата за вистинските проблеми;<br>- дали е загрозена европската насока на државата;<br>- состојбите во правосудството наспроти значителната меѓународна помош за консолидирање на секторот;<br>- идејата за нов, граѓански устав;<br>- внесувањето на Бугарите во Уставот и европската интеграција; | **Студио 10** |
| **26:04.** | Александар Новаковски, поранешен претседател на ДИК; | - атмосферата по првиот круг на гласање на Претседателските избори;<br>- резултатите од првиот круг;<br>- големата разлика во гласови меѓу Сиљановска-Давкова и Пендаровски;<br>- емитувањето платена политичка програма за Парламентарните избори за време на молкот за Претседателските избори; | **Трилинг** |
| **28:04.** | Изет Меџити, коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ; | - состојбите во ДУИ по 20 години на партијата во власта;<br>- корупцијата во органите и институциите на државата;<br>- идејата за делење ваучери на граѓаните за директна сопственост врз јавните претпријатија;<br>- задолжувањето на државата и големината на буџетот;<br>- важноста на дијаспората како политички фактор за Албанците во земјава; | **Неделно интервју на Радио Слободна Европа** |
| **29.04.** | Менди Ќура, претседател на Стопанската комора на северозападна Македонија; | - економските програми на политичките партии;<br>- платформата на Комората за економски развој;<br>- одливот на работна сила и иселувањето од државата;<br>- улогата на државната поддршка во развојот на стопанството; | **Аргумент плус** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **30.04.** | Никола Тасев, политички аналитичар; | - резултатите од првиот круг на Претседателските избори;<br>- прогнози за исходот на претседателската и парламентарната изборна трка;<br>- комбинаторики за составот на идната влада;<br>- уставните измени како услов за коалицирање од страна на партиите од политичкиот блок на Албанците;<br>- обичајот „победник со победник“ и дали тој ќе се почитува по овие избори;<br>- односот на ВМРО ДПМНЕ кон Преспанскиот договор и промената на името на државата;<br>- односите меѓу ДУИ и СДСМ како партнери во досегашната власт; | **Студио 10** |
| **30.04.** | Данела Арсовска, градоначалничка на Скопје и носителка на листата на Нова алтернатива во ИЕ 1; | - причините на кандидатурата на Арсовска на Парламентарните избори;<br>- нејзините односи со ВМРО ДПМНЕ и СДСМ;<br>- ситуацијата со Универзалната сала и спорот со Министерството за култура;<br>- состојбите во Град Скопје; | **Студио 10** |
| **02.05.** | Јанко Бачев, претседател на Единствена Македонија; | - цензусот за Претседателските избори;<br>- можноста за бојкот во вториот круг;<br>- предизборните меѓупартиски препукувања на национална основа;<br>- идејата за ревизија на приватизацијата;<br>- идејата за укинување на Службата за државна безбедност;<br>- обичајот „победник со победник“ при формирањето на владата;<br>- идеите за поништување на Преспанскиот и на Договорот за добрососедство со Бугарија;<br>- наративот за руско влијание во македонската политика; | **Студио 10** |
| **02.05.** | Јована Мојсоска, носителката на листа во ИЕ 3 од Левица; | - измените на Кривичниот законик;<br>- злоупотребата на „европското знаменце“ во Собранието;<br>- начинот на избор на уставни судии;<br>- кандидатурата на Ванковска и резултатот од првиот круг;<br>- заложбата на Левица против НАТО и ЕУ;<br>- Преспанскиот договор и заложбата тој да се поништи; | **Студио 10** |
| **02.05.** | Максим Димитриевски, претседател на Движењето ЗНАМ; | - позицијата на ЗНАМ по првиот круг од Претседателските и пред Парламентарните избори;<br>- структурата на поддржувачите на Партијата;<br>- спорот со Бугарија;<br>- позицијата на ДУИ во државата;<br>- реториката во предизборната кампања;<br>- состојбите во СДСМ;<br>- поврзувањето на Димитриевски и ЗНАМ со Бранко Црвенковски;<br>- „Францускиот предлог“ и интеграцијата во ЕУ; | **Аргумент плус** |
| **03.05.** | проф. д-р Борче Давитковски, правен експерт; | - како до ефикасен и рационален владин кабинет;<br>- причините за тешкиот пораз на Пендаровски во првиот круг од Претседателските избори;<br>- презадолженоста на државата;<br>- неспроведувањето на реформите потребни на патот кон ЕУ;<br>- преголемиот обем на јавна администрација;<br>- потребата од намалување на бројот министерства; | **Трилинг** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **03.05.** | Африм Гаши, Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ; | - предизборната кампања во етничко-албанскиот политички блок;<br>- резултатите во првиот круг од Претседателските избори;<br>- можноста да не се постигне цензусот во вториот круг,<br>- обвинувањата од ДУИ за руско влијание во земјава;<br>- блискоста со Албин Курти и обвинувањата за мешање во изборите во Македонија;<br>- коалицијата на ГРОМ со ПЦЕР и со Интегра;<br>- позицијата на државава наспроти глобалните и геополитичките предизвици; | **Аргумент плус** |
| **06.05.** | проф. д-р Димитар Апасиев, претседател на Левица и носител на изборната листа во ИЕ 1; | - обвинувањата дека повикувал на бојкот на вториот круг од Претседателските избори;<br>- одлуката Левица да оди со сопствен кандидат за претседател;<br>- искуството на пратениците од партијата во Собранието;<br>- можноста да има организиран бојкот на вториот круг на Претседателските избори;<br>- „Македонската платформа“ на Левица;<br>- уставните измени и идната влада;<br>- „окупацијата“ на политичкиот простор од страна на ВМРО ДПМНЕ, СДСМ и ДУИ. | **Аргумент плус** |

### *Дебати*

Во анализираниот период, на ТВ 24 Вести беа емитувани вкупно 12 дебатни емисии на теми поврзани со изборите, со фокус главно врз соочувањето на изборните програми и ставовите на најголемите политички партии и коалиции околу важните прашања за државата. Во дебатите, покрај кандидатите за пратеници, односно носителите на изборните листи, учествуваа и експерти што ја анализираа предизборната кампања, но и можната разврска од изборите и нејзиното влијание врз формирањето на идната влада. Основните теми за изборната дебата беа: борбата против корупцијата; уставните измени и интеграцијата на земјата во ЕУ; наводите за „руско влијание“ во државата; изборната кампања и наративите на политичките партии; Преспанскиот договор и промената на името на државата; меѓуетничките односи; можноста за бојкот на вториот круг од Претседателските избори; комбинаторики околу формирањето на идната влада; економските политики во програмите на партиите; ветувањата за покачување на пензиите.

***Табела 23: Дебати***
(премиерно емитувани)

| **ТВ 24 Вести** | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **18.04.** | - Тања Лопарски, маркетинг и ПР-стратег;<br>- Мирче Адамчевски, новинар;<br>- проф.-д-р Елеонора Серафимовска, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања (ИСППИ); | **24 Отворено** |
| **22.04.** | - Ѓорѓија Сајковски, ВМРО ДПМНЕ/Коалиција „Твоја Македонија“;<br>- Јована Мојсоска, Левица;<br>- Весна Бендевска, Движење ЗНАМ;<br>- Јован Митрески, СДСМ/Коалиција за Европска иднина; | **24 Отворено** |
| **25.04.** | - проф. д-р Владимир Божиновски, политички аналитичар;<br>- Сефер Селими, политички аналитичар; | **24 Анализа** |

| | | |
|---|---|---|
| **25.04.** | - Драган Ковачки, ВМРО ДПМНЕ/Коалиција „Твоја Македонија“;<br>- Сања Лукаревска, СДСМ/Коалиција за Европска иднина;<br>- Бранислав Крмов, Левица;<br>- Павле Арсовски, Движење ЗНАМ; | **24 Отворено** |
| **26.04.** | - проф. д-р Јове Кекеновски;<br>- Соња Крамарска, новинарка; | **Аргумент плус** |
| **28.04.** | - Александар Ненчев, советник од СДСМ во Општина Струмица;<br>- Владимир Ристов, советник од ВМРО ДПМНЕ во Општина Струмица;<br>- Ѓорѓи Танушев, советник од Стига е во Општина Струмица;<br>- Стојан Велков, советник од Стига е во Општина Босилово; | **24 Отворено** |
| 29.04 | - Јорго Огненовски, Демократи;<br>- Добрила Андоновска, Коалиција Храбро за Македонија; | **Студио 10** |
| 29.04. | - Гордана Димитриевска-Кочовска, Коалицијата „Твоја Македонија“/ВМРО ДПМНЕ;<br>- Горан Георгиевски, Сојуз на стопански комори;<br>- Горан Теменугов, новинар;<br>- Висар Адеми, економски аналитичар; | **24 Анализа** |
| 30.04. | - Славјанка Петровска, СДСМ/Коалиција за Европска иднина;<br>- Дафина Стојаноска, ВМРО ДПМНЕ/Коалиција „Твоја Македонија“; | **Аргумент плус** |
| 30.04. | - Фатмир Битиќи, СДСМ/Коалиција за Европска иднина;<br>- Горан Георгиевски, Сојуз на стопански комори;<br>- Горан Теменугов, новинар;<br>- Висар Адеми, економски аналитичар; | **24 Анализа** |
| 01.05. | - Нури Бајрами, поранешен член на ДКСК;<br>- Селва Мустафи, Романо Авази (НВО) ;<br>- проф. д-р Башким Селмани, универзитетски професор;<br>- Ристе Савески, Младински образовен форум (НВО); | **24 Отворено** |
| 02.05. | - Амар Мециновиќ, Левица;<br>- Санела Шкријељ, СДСМ/Коалиција за Европска иднина;<br>- Даниел Стојчевски, Движење ЗНАМ;<br>- Љупчо Ристовски, Интегра/Коалиција Храбро за Македонија;<br>- Бране Петрушевски, ВМРО-ДПМНЕ/Коалиција „Твоја Македонија“;<br>- Ријад Шаќири Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ; | **24 Отворено** |
| 06.05. | - Бобан Карапејовски, Движење ЗНАМ;<br>- Марија Митева, ВМРО ДПМНЕ/Коалиција „Твоја Македонија“;<br>- Бојан Маричиќ, СДСМ/Коалиција за Европска иднина;<br>- Реџеп Исмаил, Левица; | **24 Отворено** |

***Информирање за лицата со сетилна попреченост***

Во извештајниот период, сите изданија на Дневникот на ТВ 24 Вести во 20 часот, со знаковен јазик беа прилагодени за лицата со сетилна попреченост. Во овој период, вкупно шест посебни информативни емисии на Телевизијата (сите дебати во емисијата „24 Отворено“) беа прилагодени на овој начин, што е обврска од членот 75 ставови 1 и 4 од ИЗ.

# ПРИВАТНИ КАБЕЛСКИ ТЕЛЕВИЗИИ

## ТВ СОНЦЕ

***Дневноинформативни емисии***

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник* од 22 часот;
**Број на анализирани изданија**: 17 изданија (од 18 до 22 април и од 25 април до 6 мај);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 3 часа 32 минути и 50 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: соопштение, вест/во низа, извештај;

***Начин на известување***

Анализирани беа изданијата на ТВ Дневникот од 22 часот, а од вкупниот обем - 3 часа 32 минути и 50 секунди - прилози релевантни за методолошки одредената анализа, речиси половина од времето беше отстапено за аудиовизуелниот материјал со кој учесниците во изборниот процес за новиот состав на македонскиот Парламент ја водеа своја изборна кампања пред потенцијалните гласачи. Од можните 17 учесника во овој изборен процес, во централниот дневник на ТВ Сонце беа застапени 9, од нив 5 коалиции: на СДСМ за Европска иднина, на ДУИ „Европски фронт“, „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО ДПМНЕ, потоа ВЛЕН/ВРЕДИ на обединетата албанска опозиција, и Коалицијата Храбро за Македонија во која лидерство презема партијата ГРОМ на Стевчо Јакимовски, актуелниот градоначалник на Општина Карпош.

Пристапот на информативната редакција, која го уредува централното дневноинформативно издание, кон изборната кампања беше – регистраторски, без видливи новинарски интервенции во содржината на презентираниот материјал од претендентите за народни пратеници во македонското Собрание. ТВ Сонце редовно известуваше и за организациските изборни активности што се во надлежност на ДИК (изглед и дистрибуција на избирачкиот материјал/формирање избирачки одбори/информирање на гласачите) и на МВР (безбедносната состојба на гласачките изборни места/навремена достава на неопходните документи за лична идентификација на гласачите).

Голем дел од другите прилози во ТВ дневникот се однесуваа на прослави за празниците 1 Мај и Велигден, на пригодни свечености за годишницата од смртта на Гоце Делчев и за македонските бранители од внатрешниот конфликт во 2001 година, како и известувања за најавени и за тековни протести на работници од различни општествени сектори (култура/здравство/образование).

***Табела 24: Застапеност на субјекти во вестите – Парламентарни избори 18.04 – 06.05.2024***

| ТВ Сонце | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Други прилози** | | | |
| Влада | 00:11:18 | 10.55 | % |
| Други субјекти | 00:28:14 | 26.36 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:00 | 1.87 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Здравство | 00:10:54 | 10.18 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:22:58 | 21.44 | % |
| Граѓански сектор | 00:12:11 | 11.37 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:15 | 8.64 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:00:42 | 0.65 | % |
| Судство | 00:05:14 | 4.89 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:01 | 0.95 | % |
| Стево Пендаровски | 00:00:50 | 0.78 | % |
| Гордана Сиљановска-Давкова | 00:00:50 | 0.78 | % |
| Коалиција за Европска иднина | 00:00:50 | 0.78 | % |
| Коалиција „Твоја Македонија“ ВМРО-ДПМНЕ | 00:00:50 | 0.78 | % |
| **Вкупно за други прилози:** | **01:47:07** | **100** | **%** |
| **Избори 2024** | | | |
| Коалиција за Европска иднина | 00:15:03 | 14.24 | % |
| Коалиција „Твоја Македонија“ ВМРО-ДПМНЕ | 00:11:54 | 11.26 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:03:43 | 3.52 | % |
| Нова Алтернатива Скопје | 00:03:55 | 3.70 | % |
| Коалиција Храбро за Македонија | 00:03:52 | 3.66 | % |
| ДЕМОКРАТИ | 00:04:00 | 3.78 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:05 | 2.92 | % |
| Левица | 00:01:59 | 1.88 | % |
| ДИК | 00:09:40 | 9.14 | % |
| Други субјекти | 00:06:44 | 6.37 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:23 | 2.25 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:01:44 | 1.64 | % |
| Влада | 00:02:38 | 2.49 | % |
| Коалиција Европски фронт | 00:02:19 | 2.19 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:58 | 1.86 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:25 | 2.29 | % |
| **Вкупно за Избори 2024:** | **01:45:43** | **100** | **%** |
| **Вкупно анализирано време во вестите =** | **03:32:50** | | |

***Посебни информативни емисии***

Во текот на изборниот период – од 18 април до 6 мај – ТВ Сонце не емитуваше информативни емисии – интервјуа/дебати - релевантни за анализа според методолошките одредби за медиумското известување поврзано со учесниците во изборниот процес.

***Информирање за лицата со сетилна попреченост***

Секојдневно, вестите од 18 часот беа преведувани на знаковен јазик, а еднаш неделно беше титлувано издание на емисијата „Јади бурек“ - на тој начин ТВ Сонце ја исполни обврската од членот 75 ставови 1 и 4 од ИЗ, да се обезбеди информирање на лицата со сетилна попреченост.

# ТВ КЛАН МАЦЕДОНИА

***<u>Дневноинформативни емисии</u>***

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник,* 18:30 часот;
**Број на анализирани изданија**: 17 изданија (од 18 до 22 април и од 25 април до 6 мај);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 3 часа 26 минути и 52 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

***<u>Начин на известување</u>***

Примерокот, врз основа на кој се оценува како ТВ Клан известуваше за кампањата за Парламентарните избори, се состои од времето во дневноинформативното издание од 18:30 часот, емитувано во периодот од 18 април до 6 мај. Опфатот на субјектите чии активности новинарски беа покривани во вестите и времето одвоено за нив - не беа во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени кандидатски листи по изборни едници.

Од 17 учесника во изборната кампања, телевизијата информираше за 10 од нив, притоа временски најзастапена беше Коалицијата „Европски фронт“, предводена од ДУИ, со - 52 минути и 7 секунди. Помалку време, но двоцифрена минутажа добија и „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО ДПМНЕ - 27 минути и 43 секунди; Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ - 26 минути и Коалицијата за Европска иднина, предводена од СДСМ - 25 минути и 7 секунди. Од другите учесници во изборниот натпревар, во Дневникот од18:30 беа застапени и следниве политички субјекти: Движењето ЗНАМ – За наша Македонија, со 9 минути и 54 секунди; Левица, со 5 минути и 4 секунди; Нова алтернатива – Скопје и Коалицијата Храбро за Македонија со по 1 минута и 30 секунди; Демократи - 58 секунди и политичката партија Аваја - 22 секунди.

При известувањето, Телевизијата најмногу се концентрираше на политичкото ривалство и острата реторика на етно-национални теми меѓу Христијан Мицкоски, лидерот на ВМРО ДПМНЕ и Али Ахмети, претседателот на ДУИ, кои се наметнаа како главни актери во трката за влез во Парламентот. За важни теми со изборен предзнак ТВ Клан ги издвои и калкулациите за формирање на идната извршна власт меѓу опозициските коалиции на ВМРО ДПМНЕ и на ВЛЕН/ВРЕДИ, како и условите под кои Движењето ЗНАМ, под водство на Максим Димитриевски, би влегло во некаква постизборна комбинација.

Во анализираниот период, покрај темата „Избори 2024“, медиумот известуваше и за останатите актуелни настани во државата, и тоа: промоцијата на новата генерација полициски службеници и свечените обраќања на техничкиот премиер Талат Џафери и на техничкиот министер за внатрешни работи Панче Тошковски; предупредувачкиот протест на вработените во ФЗОМ; прогласувањето на Али Ахмети, лидерот на ДУИ, за почесен граѓанин на Тирана; свеченото одбележување годишнина од смртта на Гоце Делчев, со присуство на преостанатите претседателски кандидати Пендаровски и Сиљановска–Давкова и партиските делегации на СДСМ, ВМРО ДПМНЕ и на Левица. Телевизијата извести и за оценката од извештајот на Репортери без граници за состојбата на македонските медиуми.

*Табела 25: Застапеност на субјекти во вестите – Парламентарни избори 18.04 – 06.05.2024*

| ТВ Клан Мацедониа | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Други прилози** | | | |
| Други субјекти | 00:14:30 | 47.65 | % |
| Судство | 00:01:02 | 3.40 | % |
| Граѓани | 00:02:03 | 6.74 | % |
| Влада | 00:02:53 | 9.47 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:56 | 3.07 | % |
| Коалиција Европски фронт | 00:03:04 | 10.08 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:01:04 | 3.50 | % |
| Претседател | 00:00:53 | 2.90 | % |
| Гордана Сиљановска-Давкова | 00:00:20 | 1.10 | % |
| Коалиција за Европска иднина | 00:00:20 | 1.10 | % |
| Коалиција „Твоја Македонија“ ВМРО-ДПМНЕ | 00:00:20 | 1.10 | % |
| Левица | 00:00:20 | 1.10 | % |
| Собрание | 00:00:33 | 1.81 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:08 | 7.01 | % |
| **Вкупно за други прилози:** | **00:30:26** | **100** | **%** |
| **Избори 2024** | | | |
| ДИК | 00:09:26 | 4.25 | % |
| Коалиција за Европска иднина | 00:25:07 | 11.32 | % |
| Коалиција „Твоја Македонија“ ВМРО-ДПМНЕ | 00:27:43 | 12.50 | % |
| Коалиција Европски фронт | 00:52:07 | 23.50 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:26 | 2.00 | % |
| Левица | 00:05:04 | 2.28 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:09:54 | 4.46 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:26:01 | 11.73 | % |
| Други субјекти | 00:09:17 | 4.19 | % |
| Политичка партија АВАЈА | 00:00:22 | 0.17 | % |
| Нова Алтернатива Скопје | 00:01:30 | 0.68 | % |
| Коалиција Храбро за Македонија | 00:01:30 | 0.68 | % |
| ДЕМОКРАТИ | 00:00:58 | 0.44 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:37 | 0.73 | % |
| Влада | 00:00:47 | 0.35 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:00:37 | 0.28 | % |
| **Вкупно за Избори 2024:** | **02:56:26** | 100 | % |

**Вкупно анализирано време во вестите = 03:26:52**

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

Во периодот од 18 април до 6 мај премиерно беа емитувани 12 дебати и едно интервју, тематски фокусирани на двата изборни процеса, на можните постизборни комбинаторики и на реториката во изборната кампања.

***Интервјуа***

Единственото интервју кое за тема ги имаше изборите беше со претставник на граѓанска организација во емисијата Првиот час.

***Табела 26: Интервјуа***
(премиерно емитувани)

| ТВ КЛАН МАЦЕДОНИЈА | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **06.05.** | Џабир Дерала;<br>претседател на НВО Цивил; | - Цивил и мониторингот на денот на гласањето;<br>- оценката на ОБСЕ/ОДИХР;<br>- обвинувања на партиите за нарушување на изборниот процес;<br>- оценка за работата на ДИК;<br>- оценка за кампањата; | **Првиот час** |

***Дебати***

Место за дебата им беше отстапено главно на претставници од четирите најбројни коалиции активно вклучени во кампањата за Парламентарните избори: - „Европски фронт" и Европска иднина, предводени од ДУИ, односно СДСМ, од една страна, „Твоја Македонија" предводена од ВМРО ДПМНЕ и ВЛЕН/ВРЕДИ. Всушност, во основата на дебатата, во која неретко беа вклучени и редовни аналитичари на политичките случувања во Македонија, беа токму - крупните поместувања во почетните позиции меѓу споменатите носители на главните изборни партиски комбинаторики, со посебен критички осврт врз (не)можните ревидирања на важни билатерални договори, промени на македонскиот Устав и условеноста на патот кон ЕУ-интеграцијата.

***Табела 27: Дебати***
(премиерно емитувани)

| ТВ КЛАН МАЦЕДОНИА | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **18.04.** | 1) Викторија Абрамовиќ-Мадиќ, заменичка - министерка за правда;<br>2) Сефер Селими;<br>3) Илија Димовски, ИК на ВМРО ДПМНЕ; | - услови за измени на Уставот; | **Клан дебата** |
| **19.04.** | 1) Мендух Тачи, претседател на ДПА;<br><u>Политички аналитичари</u>:<br>2) Лирим Меметај;<br>3) Дибран Хоџа;<br>4) Насер Селмани; | - критики поради коалицирање со „Европскиот фронт";<br>- политичкото портфолио на Мендух Тачи; | **Дебата Плус** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **22.04.** | Политички аналитичари:<br>1) Валон Бела;<br>2) Фатон Алити;<br>3) Џенур Исени;<br>4) Ќенал Алиу; | - анализа на митинзите на коалициите - „Европски фронт“ и ВЛЕН/ВРЕДИ;<br>- анализа на Претседателските избори; | **Клан дебата** |
| **25.04.** | 1) Игор Јанушев, Коалицијата „Твоја Македонија“/ВМРО ДПМНЕ;<br>2) Никола Мињов, ЗНАМ;<br>3) Андреј Петров, СДСМ/ Коалиција за Европска иднина;<br>4) Љуљзим Фаризи, политиколог; | - анализа по првиот круг Претседателски избори;<br>- можната коалиција ВМРО ДПМНЕ и ВРЕДИ; | **Клан дебата премиера и две репризи** |
| **26.04.** | Политички аналитичари:<br>1) Насер Селмани;<br>2) Дибран Хоџа;<br>3) Џенур Исени;<br>4) Лирим Меметај;<br>5) Валон Сула;<br>6) Абедин Исмаили; | - анализа по првиот круг Претседателски избори;<br>- можната коалиција ВМРО ДПМНЕ и ВРЕДИ; | **Дебат Плус (премиера)** |
| **29.04.** | 1) Садула Дураку, носител во ИЕ3 од Коалицијата „Европски фронт“;<br>Политички аналитичари:<br>2) Алберт Муслиу;<br>3) Абедин Исмаили;<br>4) Фатон Алити; | - анализа на резултатите по првиот круг Претседателски избори;<br>- очекувањата од Парламентарните избори; | **Клан дебата (премиера и една реприза)** |
| **30.04.** | Политички аналитичари:<br>1) Насер Селмани;<br>2) Абедин Исмаили;<br>3) Дибран Хоџа;<br>4) Газменд Ајдини;<br>5) Лирим Меметај;<br>6) Имер Мушколај; | - постизборни ефекти - можната коалиција, условите за коалицирање меѓу ВМРО ДМПНЕ и ВРЕДИ; | **Дебат Плус** |
| **01.05.** | 1) Зијадин Села, претседател на Алијанса за Албанците;<br><br>Политички аналитичари:<br>2) Илир Мирена;<br>3) Фатон Алити;<br>4) Валон Сула; | - можната коалиција ВМРО ДПМНЕ и ВРЕДИ;<br>- прогноза за исходот од Парламентарните избори;<br>- разликата меѓу „Европски фронт“ и ВЛЕН/ВРЕДИ;<br>- услови за нова влада; | **Пресинг** |
| **02.05.** | Политички аналитичари:<br>1) Сефер Селими;<br>2) Петар Арсовски;<br>3) Љуљзим Фаризи;<br>4) Владимир Божиновски; | - анализа на резултатите од првиот круг на Претседателските избори;<br>- предвидувања за резултатите од вториот круг;<br>Претседателски избори и можни постизборни коалиции; | **Клан дебата** |
| **02.05.** | Политички аналитичари:<br>1) Газмир Раци;<br>2) Ермал Садику;<br>3) Раман Пацаризи;<br>4) Газменд Ајдини; | - анализа на истражување спроведено од Приштинскиот институт за проучување на јавното мислење, на територија на РСМ со албанскиот електорат; | **Рубикон** |
| **03.05.** | 1) Али Ахмети, Коалиција „Европски фронт“; | - реториката во изборната кампања;<br>- предвидувања на ЕФ за бројот на пратеници;<br>- уставните измени; | **Дебат Плус** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Политички аналитичари:<br>2) Лирим Меметај;<br>3) Астрит Гаши;<br>4) Дибран Хоџа; | - титулата „почесен граѓанин“ на Тирана;<br>- заеднички договор со Таравари за консензуален претседателски кандидат; | |
| **06.05.** | 1) Бујар Османи, Коалиција „Европски фронт“;<br><br>Политички аналитичари:<br>2) Алберт Муслиу;<br>3) Ибрахим Мехмети | - средбата - Мицкоски (ВМРО ДПМНЕ) и Таравари (ВРЕДИ);<br>- реториката во изборната кампања;<br>- коментар за изјавата на Глаук Коњуфца, претседателот на Собранието на Косово, за соработката меѓу ВЛЕН/ВРЕДИ и ВМРО ДПМНЕ;<br>- очекувања од гласањето на 8 мај. | **Клан дебат** |

***Информирање за лицата со сетилна попреченост***

Мониторингот врз програмскиот сервис на ТВ Клан Македониа, емитуван во периодот за изборниот процес – од 18 април до 6 мај 2024 година - покажа дека медиумот само делумно ја исполни обврската од членот 75 став 1, а во врска со членот 75 став 4 алинеја 1 од ИЗ.

ТВ Клан на ниту еден начин - со користење знаковен јазик, титл, тонски опис или со други медиумски алатки соодветни за обезбедување пристапност – не преведе ниту едно интервју ниту една дебата за медиумското претставување на изборниот процес.

За ТВ дневникот, пак, оваа законска обврска ја исполни само за изданијата од 29 април до 6 мај.

## ТВ 21-М

***Дневноинформативни емисии***

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник,* 18:30 часот;
**Број на анализирани изданија**: 17 изданија (од 18 до 22 април и од 25 април до 6 мај);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 5 часа 17 минути и 17 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

***Начин на известување***

Анализата на новинарското известување за Парламентарните избори, во периодот од 18 април до 6 мај, во изданијата на Дневникот на албански јазик, емитувани од 18:30 часот, покажа дека Телевизијата успеа да прикаже делови од изборните активности на 14 од 17 учесника потврдени за натпреварот околу новиот состав на македонското Собрание, но и во тој информативен сегмент не успеа доследно да се држи до принципот на пропорционалноста по бројот потврдени листи на кандидати за пратеници, како што е пропишано во ИЗ.

Најмногу време во Дневникот им беше отстапено на коалициите: ВЛЕН/ВРЕДИ – 1 час 1 минута и 40 секунди; „Европски фронт“ на ДУИ - 55 минути и 41 секунда; „Твоја Македонија“ на ВМРО

ДПМНЕ - 35 минути и 25 секунди; - Европска иднина на СДСМ - 31 минута и 7 секунди; а од партиите со двоцифрена минутажа беше застапена само опозициската ЗНАМ - За наша Македонија, со 10 минути и 30 секунди.

Известувањето за парламентарниот изборен процес беше поврзувано и со резултатите од првиот круг на Претседателските избори, потоа со прелиминарните наоди на меѓународната набљудувачка мисија на ОБСЕ/ОДИХР и на Советот на Европа, како и на јавните преписки меѓу владејачкиот коалициски „Европски фронт“ и опозициската коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ, за тоа кој од нив би бил легитимен претставник на Албанците во новиот владин состав, посебно по најавите на Христијан Мицкоски, лидерот на ВМРО ДПМНЕ, дека преферира партнерство со опозицискиот блок партии.

Карактеристично за вестите на ТВ 21–М за време на парламентарната изборна кампања беше и тоа што покрај информациите за кампањските активности на терен, објавуваше и ставови на учесниците искажани во дебатните емисии на Телевизијата. Станува збор за прилози направени од дебатните емисии емитувани пред почетокот на Дневникот, прилози во кои уредништвото водеше сметка да обезбеди информативен баланс.

Во анализираниот период, медиумот известуваше и за останатите актуелни настани во државата, и тоа: промоцијата на нова генерација полициски службеници (со новинарски посебно нотирано учество на техничкиот премиер Талат Џафери, заменскиот министер за внатрешни работи Панче Тошковски и дополнителниот заменик-министер Митко Бојмацалиев); предупредувачкиот протест на вработените во ФЗОМ; реакцијата на Фатмир Битиќи, вицепремиерот за економски прашања, по поскапувањето на осигурителната полиса; веста дека Али Ахмети, лидерот на ДУИ, е прогласен за почесен граѓанин на Тирана. Медиумот извести и за оценскиот извештај на Репортери без граници за слободата на македонските медиуми, како и за одбележувањето на 3-ти мај – меѓународниот Ден на слободата на печатот.

***Табела 28: Застапеност на субјекти во вестите – Парламентарни избори 18.04 – 06.05.2024***

| **ТВ 21-М** | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Други прилози** | | | |
| Граѓански сектор | 00:15:03 | 23.93 | % |
| Други субјекти | 00:26:08 | 41.56 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:10 | 1.86 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:01:00 | 1.59 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:01:00 | 1.59 | % |
| Влада | 00:10:09 | 16.14 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:00:45 | 1.19 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:55 | 1.46 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:20 | 3.71 | % |
| Гордана Сиљановска-Давкова | 00:00:59 | 1.56 | % |
| Претседател | 00:00:59 | 1.56 | % |
| Нова Алтернатива Скопје | 00:00:59 | 1.56 | % |
| Коалиција Европски фронт | 00:01:26 | 2.28 | % |
| **Вкупно за други прилози:** | **01:02:53** | 100 | % |
| **Избори 2024** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:59:40 | 23.45 | % |
| Коалиција за Европска иднина | 00:31:07 | 12.23 | % |
| Коалиција „Твоја Македонија“ ВМРО-ДПМНЕ | 00:35:25 | 13.92 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:10:30 | 4.13 | % |
| Нова Алтернатива Скопје | 00:02:45 | 1.08 | % |
| Коалиција Храбро за Македонија | 00:03:10 | 1.24 | % |
| Политичка партија АВАЈА | 00:02:35 | 1.02 | % |
| Левица | 00:03:42 | 1.45 | % |
| Коалиција Европски фронт | 00:55:41 | 21.89 | % |
| ДИК | 00:02:22 | 0.93 | % |
| Други субјекти | 00:00:36 | 0.24 | % |
| ДЕМОКРАТИ | 00:02:40 | 1.05 | % |
| Твоја партија | 00:02:13 | 0.87 | % |
| Партија Европско граѓанско движење | 00:00:46 | 0.30 | % |
| Работничка партија | 00:00:25 | 0.16 | % |
| Партија Десна | 00:00:24 | 0.16 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:03:02 | 1.19 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:45 | 0.69 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:01:27 | 0.57 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:20 | 0.52 | % |
| Влада | 00:01:01 | 0.40 | % |
| **Вкупно за Избори 2024**: | 04:14:24 | 100 | % |

**Вкупно анализирано време во вестите = 05:17:17**

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

Попродлабочена слика за изборните опции што им се нудат на гласачите, како и за текот на кампањите, ТВ 21-М обезбеди преку посебните информативни емисии - интервјуа и дебати – со учесници во изборните процеси.

***Интервјуа***

Телевизијата реализираше вкупно пет интервјуа, и тоа се протставници на големите коалиции – учесници во изборната кампања.

***Табела 29: Интервјуа***
(премиерно емитувани)

| **ТВ 21-М** | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **18.04.** | д-р Венко Филипче, Коалиција за Европска иднина, носител на листа во ИЕ 4; | - повторното враќање во политиката;<br>- социјалната положба на македонските лекари;<br>- случајот со тетовската ковид-болница;<br>- уставните измени; | **Клик Плус** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **18.04.** | Владо Мисајловски, потпретседател на ВМРО ДПМНЕ; | - изборната програмата на ВМРО ДПМНЕ;<br>- уставните измени; | **Клик Плус** |
| **22.04.** | Али Ахмети, претседател на ДУИ; | - ОНА/УЧК како дел од изборната кампања;<br>- уставните измени;<br>- односот со ВМРО ДПМНЕ;<br>- (де)централизација;<br>- Албин Курти, „Самоопределување“ – косовското влијание во Македонија; | **Клик Плус** |
| **22.04.** | д-р Бујар Османи, Коалиција „Европски фронт“; | - оценка за изборната кампања;<br>- употребата на ОНА/УЧК во изборната кампања;<br>- оценка за претседателската дебата Сиљановска – Давкова/Пендаровски;<br>- уставните измени; | **Изборни дебати** |
| **22.04.** | д-р Арбен Таравари, Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ; | - оценка за Претседателските избори;<br>- реториката во изборната кампања. | **Изборни дебати** |

## *Дебати*

Во периодот од 18 април до 6 мај премиерно беа емитувани девет дебатни емисии, тематски фокусирани на двата изборни процеса, на можните постизборни комбинаторики и на реториката во изборната кампања, програмата на политичките партии, уставните измени и слично.

***Табела 30: Дебати***
(премиерно емитувани)

| **ТВ 21-М** | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **19.04.** | *Политички аналитичари*:<br>1) Никола Србов;<br>2) Иво Врањѓеловиќ; | - претседателските кандидати;<br>- кампањата за Парламентарни избори;<br>- првиот круг од Претседателските избори;<br>- изборните математики; | **Клик Плус** |
| **22.04.** | 1) Снежана Калеска - Ванчева/ СДСМ/ Коалиција за Европска иднина;<br>2) Благица Ласовска/ Коалицијата „Твоја Македонија“/ВМРО ДПМНЕ;<br>3) Арта Биљали-Зендели/Коалиција „Европски фронт“; | - изборната кампања за Парламентарните избори; | **Клик Плус** |
| **22.04.** | 1) Славјанка Петровска/ СДСМ/ Коалиција за Европска иднина;<br>2) Дафина Стојановска/ Коалицијата „Твоја Македонија“/ВМРО ДПМНЕ; | - изборната кампања;<br>- уставни измени;<br>- економската програма на партиите; | **Дневен Клик Плус** |
| **29.04.** | 1) Рина Хајдари/Коалиција „Европски фронт“; | - резултатите од првиот претседателски изборен круг;<br>- програмите на „Европски фронт“ и на ВЛЕН/ВРЕДИ;<br>- услови за формирање нова влада; | **Дневен Клик Плус** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 2) Саранда Имери/Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ; | | |
| **29.05.** | 1) Арбер Адеми<br>2) Крешник Бектеши/Коалиција „Европски фронт“;<br>3) Азир Алиу<br>4) Арбен Фетаи/Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ; | - анализа на резултатите од првиот круг на Претседателските избори;<br>- програмите на „Европски фронт“ и на ВЛЕН/ВРЕДИ; | **Клик Плус** |
| **30.04.** | 1) Илија Димовски/Коалиција „Твоја Македонија“ - ВМРО ДПМНЕ;<br>2) Јован Деспотовски/ СДСМ/Коалиција за Европска иднина; | - анализа од резултатите од првиот круг на Претседателските избори;<br>- кампањата за Парламентарните избори; | **Дневен Клик Плус** |
| **30.04.** | ***„Претседателска дебата“***<br><br>1) проф. д-р Стево Пендаровски – поддржан од СДСМ;<br>2) Гордана Силјановска - Давкова – поддржана од ВМРО ДПМНЕ; | - услови за формирање нова извршна власт;<br>- отворање на Уставот;<br>- можностите Македонија до 2030 година да биде членка на ЕУ;<br>- дали „ветингот“ може да го реши проблемот со владеење на правото и корупцијата; | **Клик Плус** |
| **01.05.** | 1) Кренар Лога<br>2) Илире Даути/ Коалиција „Европски фронт“;<br><br>3) Имерлије Салиу<br>4) Зеќирија Ибрахими/Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ; | - изборната кампања за Парламентарните избори;<br>- уставните измени;<br>- на кој партиски лидер му верувате најмногу; | **Клик Плус** |
| **03.05** | 1) Гордана Димитриевска/ВМРО ДПМНЕ - Коалиција „Твоја Македонија“;<br>2) Моника Зајкова/ЛДП - Коалиција за Европска иднина; | - иселувањето на младите и начин како да се спречи тоа;<br>- како да се спречи корупцијата;<br>- како до членство во ЕУ;<br>- македонскиот јазик и идентитет; | **Дневен Клик Плус** |

***Информирање за лицата со сетилна попреченост***

Од понеделник до петок - вестите од 23 часот беа преведувани со знаковен јазик, а секоја сабота беше титлувана по една информативна емисија во периодот меѓу 16 и 23 часот, со што беше исполнета обврската од членот 75 ставови 1 и 4 од ИЗ, да се обезбеди информирање за лицата со сетилна попреченост.

## ТВ ШЕЊА

***<u>Дневноинформативни емисии</u>***

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник,* 18:55 часот;
**Број на анализирани изданија**: 17 изданија (од 18 до 22 април и од 25 април до 6 мај);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 6 часа 3 минути и 36 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

***<u>Начин на известување</u>***

Во изданието на централниот Дневник од 18:55 часот, ритамот на случувањата од изборниот процес медиумот го следеше со рамномерен новинарски пристап, составен неутрално од вести и од извештаи, во зависност од фреквентноста на активностите продуцирани од учесниците во изборната кампања. Телевизијата не успеа доследно да се придржува до пропорционалноста во известувањето за учесниците во изборната кампања - според соодносот на потврдени кандидатски листи по изборни единици. Повеќе информативно време отстапи за политичките опции на Албанците во Македонија: - владејачката Коалиција „Европски фронт“ предводена од ДУИ беше застапена со - 42 минути и 58 секунди, опозициската Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ со 33 минути и 54 секунди, додека Коалиција „Твоја Македонија“ под водство на опозициската ВМРО ДПМНЕ доби 22 минути и 52 секунди, а Коалицијата за Европска иднина на владејачкиот СДСМ - 22 минути и 14 секунди.

Од поединечните активности за парламентарната кампања на други 9 учесника во изборниот процес произлезе само едноцифрено информативно време од сите 17 анализирани изданија на централниот Дневник.

Во врска со случувањата комплементарни со изборниот амбиент, медиумот го насочи информативното внимание кон ангажманот на институциите што имаа улога во организацијата на изборниот процес (ДИК, МВР), како и кон оценките што за првиот круг од Претседателските избори ги дадоа Дејвид Гир, амбасадорот на ЕУ во Македонија, и меѓународните набљудувачи од мисијата на ОБСЕ/ОДИХР. Содржински, пак, ТВ Шења во вестите ги нагласи прилозите за постизборната еуфорија од првиот круг за Претседателските избори, така што пренесувајќи ги изјавите на лидерите на гореспоменатите сопернички коалиции, всушност ги навести и гласачкото расположение за тековните Парламентарни избори и можностите за нови коалициски опции при формирањето на идната извршна власт, во која, според претпоставките на проф. д-р Христијан Мицкоски и на д-р Арбен Таравари, би соработувале ВМРО ДПМНЕ и ВЛЕН/ВРЕДИ. Дел од прилозите, пак, ги прикажуваа и меѓупартиските прозивки и обвинувања, на пример, меѓу СДСМ и Движењето ЗНАМ, чиј лидер - Максим Димитриевски ги посочуваше клучните барања за можна постизборна владина соработка.

Во другите новинарски прилози, кои тематски не се однесуваа на изборните процеси, медиумот известуваше за редовните, главно протоколарни активности на Владата: средбата меѓу Талат Џафери, техничкиот премиер, со претставници на НАТО; одбележувањето на јубилејните 55 години од формирањето на македонската дипломатија, односно - Денот на МНР; реакцијата на Фатмир Битиќи, вицепремиерот за економски прашања, за поскапувањето на автоосигурителната полиса; протестот на вработените од ФЗОМ за усогласување на платите; годишниот извештај на Репортери без граници за слободата на медиумите, како и веста за прогласувањето на Али Ахмети, лидерот на ДУИ, за почесен граѓанин на Тирана.

*Табела 31: Застапеност на субјекти во вестите – Парламентарни избори 18.04 – 06.05.2024*

| ТВ Шења | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Други прилози** | | | |
| Влада | 00:24:07 | 17.03 | % |
| Собрание | 00:01:41 | 1.19 | % |
| Претседател | 00:01:41 | 1.19 | % |
| Други субјекти | 01:07:58 | 47.98 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:08:57 | 6.32 | % |
| Коалиција Европски фронт | 00:01:48 | 1.27 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:08:10 | 5.77 | % |
| Јавно обвинителство | 00:05:04 | 3.58 | % |
| Судство | 00:03:51 | 2.72 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:27 | 3.14 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:10:40 | 7.53 | % |
| Коалиција за Европска иднина | 00:00:47 | 0.55 | % |
| Коалиција „Твоја Македонија“ ВМРО-ДПМНЕ | 00:00:47 | 0.55 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:01:41 | 1.19 | % |
| **Вкупно за други прилози:** | **02:21:39** | 100 | % |
| **Избори 2024** | | | |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:01:07 | 0.50 | % |
| Коалиција „Твоја Македонија“ ВМРО-ДПМНЕ | 00:22:52 | 10.30 | % |
| Политичка партија АВАЈА | 00:02:49 | 1.27 | % |
| Работничка партија | 00:01:08 | 0.51 | % |
| Партија Десна | 00:01:42 | 0.77 | % |
| ДИК | 00:14:59 | 6.75 | % |
| Коалиција за Европска иднина | 00:22:14 | 10.02 | % |
| Коалиција Храбро за Македонија | 00:05:58 | 2.69 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:34 | 1.61 | % |
| Левица | 00:04:21 | 1.96 | % |
| Коалиција Европски фронт | 00:42:59 | 19.37 | % |
| Твоја партија | 00:00:49 | 0.37 | % |
| Македонска ера трета/Македонски независни листи | 00:01:04 | 0.48 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:33:54 | 15.27 | % |
| Нова Алтернатива Скопје | 00:00:54 | 0.41 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:06:28 | 2.91 | % |
| Други субјекти | 00:05:26 | 2.45 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:45 | 0.34 | % |
| **Вкупно за Избори 2024**: | 03:41:57 | 100 | % |

**Вкупно анализирано време во вестите = 06:03:36**

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

ТВ Шења, во периодот од 18 до 6 мај, не емитуваше дебати ни за Претседателските ни за Парламентарните избори, а реализираше неколку интервјуа посветени на изборите.

***Интервјуа***

***Табела 32: Интервјуа***
(премиерно емитувани)

| ТВ Шења | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **25.04.** | проф. д-р Насер Биљали; | - анализа на двојните избори; | **Специјалност на денот** |
| **28.04.** | Бојан Кордалов, комуниколог; | - анализа на кампањата за претседателските избори; | **Емисија „25 минути“** |
| **01.05.** | Елми Азири/Коалиција „Европски фронт“; | - економските мерки во изборната програма на Коалицијата; | **Интервју во Шења** |
| **02.05.** | Сулејман Баки/Коалиција „Европски фронт“; | - коментар за резултатите од првиот круг на Претседателските избори;<br>- стратегија за максимизирање на гласовите во ИЕ 3; | **Специјалност на денот** |
| **05.05** | Џевдет Хајредини, поранешен министер за финансии; | - албанските гласови во двојните избори;<br>- анализа на Претседателските избори. | **Емисија „25 минути“** |

***<u>Информирање за лицата со сетилна попреченост</u>***

Секојдневно, вестите од 23 часот и кусата актуелноинформативна емисија „Седмичен ретропреглед“ емитувана од 21:00 и 21:30 часот во двете саботи од изборната кампања - беа титлувани, со што беше исполнета обврската од членот 75 ставови 1 и 4 од ИЗ, да се обезбеди информирање за лицата со сетилна попреченост.